СЛУЖБЕ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИ

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно на хрватскосрпски, словеначки и на македонски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро сметка кај Службата на општествено книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Среда, 31 мај 1967
БЕЛГРАД
БРОЈ 24 ГОД. XXIII

Цена на овој број е 1,80 (180) дин. — Аконтацијата на претплатата за 1967 година изнесува 38 (3 800) дин — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт фах 226 — Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 51-661; Служба за претплата 51-732, Продајна служба 51-671

362.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА ЗА ИЗБОР НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

Се прогласува Одлуката на Сојузната скупштина за избор на Сојузниот извршен совет усвоен на седницата на Сојузниот собор од 18 мај 1967 година и на седницата на Соборот на народите од 18 мај 1967 година.

П. Р. бр. 587
19 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

363.

Врз основа на членот 178 алинеја 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Уставниот амандман I точка 3, во врска со членот 226 став 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 18 мај 1967 година и на седницата на Соборот на народите од 18 мај 1967 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

1. Се избира Сојузен извршен совет во состав:

претседател Мика Шпиљак
потпретседател Киро Глигоров
потпретседател Руди Колак
членови: Хакија Поздерац
Мустафа Шабиќ
Мијушко Шибалиќ
Велизар Шкеровиќ
др Миливој Рукавина
Јанез Становник
инж. Марко Булц
Живан Васиљевиќ
Фрањо Наѓ
Милијан Неоричиќ
Тома Гранфил
Али Шукрија

2. Покрај членовите од точката 1 на оваа одлука членови на Сојузниот извршен совет се:

Александар Грличков
Марин Цетиниќ

на кои не им истекол мандатот.

Сојузна скупштина

АС бр. 822
19 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
Вида Томшич, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Видое Смилевски, с. р.

364.

Врз основа на членот 224 став 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија Уставниот амандман I точка 3 и членот 2 став 1 од Законот за Советот на федерацијата, Сојузната скупштина, на предлог од Претседателот на Републиката, на седницата на Сојузниот собор од 18 мај 1967 година и на седницата на Соборот на народите од 18 мај 1967 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

За членови на Советот на федерацијата се избираат:

Од Социјалистичка Република Босна и Херцеговина

1. Албахари Нисим
2. Андриќ Иво
3. Беговиќ Влајко
4. Чолаковиќ Родољуб
5. Ќамо Етхем
6. Даниловиќ Угљеша
7. Дугоњиќ Рато
8. Хумо Авдо
9. Јуринчиќ Нико
10. Карабеговиќ Осман
11. Манциќ Пашага
12. Морача Милутин
13. Пуцар Ѓуро
14. Шегрт Владо
15. Тодоровиќ Војо

Од Социјалистика Република Црна Гора

16. Брковиќ Саво
17. Дапчевиќ Пеко

18. Јовановиќ Блажо
19. Лалиќ Михаило
20. Милатовиќ Вељко
21. Мугоша Андрија
22. Николиќ Војо
23. Попивода Крсто
24. Поповиќ Владимир
25. Влаховиќ Вељко
26. Вукмановиќ Светозар
27. Зековиќ Вељко

Од Социјалистичка Република Хрватска

28. Аугустинчиќ Антон
29. Бакариќ Владимир
30. Берус Анка
31. Блажевиќ Јаков
32. Бркиќ Звонко
33. Цази Јосип
34. Чалиќ Душан
35. Гошњак Иван
36. Хрнчевиќ Јосип
37. Јањиќ Владо
38. Ковачевиќ Вељко
39. Крајачиќ Иван
40. Крстуловиќ Вицко
41. Мразовиќ Карло
42. Орешчанин Богдан
43. Рукавина Иван
44. Шпиљак Мика

Од Социјалистичка Република Македонија

45. Апостолски Михајло
46. Арсов Љупчо
47. Гигов Страхил
48. Хаџи Василев Мито
49. Јаневски Славко
50. Колишевски Лазар
51. Поповски Елисие
52. Смилевски Видое
53. Темелковски Борко
54. Зулфиќари Азем

Од Социјалистичка Република Словенија

55. Авбељ Виктор
56. Веблер Алеш
57. Брецељ Богдан
58. Кардељ Едвард
59. Лескошек Франц
60. Мачек Иван
61. Маринко Миха
62. Пехачек Раде
63. Шентјурц Лидија
64. Томшич Вида
65. Видмар др Јосип
66. Зихерл Борис

Од Социјалистичка Република Србија

67. Бабовиќ Спасенија
68. Давичо Оскар
69. Хоџа Фадил
70. Јовичевиќ Павле
71. Малиќ Мемед
72. Миниќ Милош
73. Мугоша Душан
74. Наѓ Коста
75. Петровиќ Душан
76. Поповиќ Коча
77. Поповиќ Милентие
78. Рајачиќ Илија
79. Ристиќ Марко
80. Сабо Ида
81. Савиќ Павле
82. Симиќ Владимир
83. Софијаниќ Ратко
84. Стамболиќ Петар
85. Шоти Пал
86. Тодоровиќ Мијалко
87. Веселинов Јован

Сојузна скупштина

АС бр. 819
19 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
Вида Томшич, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Видое Смилевски, с. р.

365.

Врз основа на членот 257 став 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Уставниот амандман I точка 3 и членот 5 од Законот за Советот на народната одбрана на Југославија, Сојузната скупштина, на предлог од Претседателот на Републиката, на седницата на Сојузниот собор од 18 мај 1967 година и на седницата на Соборот на народите од 18 мај 1967 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА НАРОДНАТА ОДБРАНА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Се разрешуваат од должноста досегашните членови на Советот на народната одбрана.

2. За членови на Советот на народната одбрана на Југославија се именуваат:

Бакариќ др Владимир
Црвенковски Крсте
Гошњак Иван
Хамовиќ Раде
Кардељ Едвард
Купрешанин Милан
Мачек Иван
Поповиќ Коча
Пуцар Ђуро
Смилевски Видое
Стамболиќ Петар
Тодоровиќ Мијалко
Улепиќ Зденко
Веселинов Јован
Вучковиќ Љубо
Вукмановиќ Светозар

3. Членови на Советот на народната одбрана на Југославија по положба се: претседателот на Сојузната скупштина, претседателот на Сојузниот извршен совет, претседателите на републичките извршни совети, државниот секретар за народна одбрана, начелникот на Генералштабот на Југословенската народна армија и помошниците на државниот секретар за народна одбрана — за цивилниот сектор и за тилот.

4. Секретари на Советот на народната одбрана на Југославија се: начелникот на Генералштабот на Југословенската народна армија — за прашања во врска со оружените сили и помошникот на државниот секретар (за цивилниот сектор) — за прашања во врска со цивилната одбрана.

Сојузна скупштина

АС бр. 820
19 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
Вида Томшич, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Видое Смилевски, с. р.

366.

Врз основа на членот 193 став 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Уставниот амандман I точка 3, Сојузната скупштина, на седницата на Сојузниот собор од 18 мај 1967 година и на седницата на Соборот на народите од 18 мај 1967 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

За генерален секретар на Сојузната скупштина се именува др Дражен Сесардиќ, досегашен секретар на Сојузната скупштина.

Сојузна скупштина

АС бр. 821
19 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р

Претседател
на Соборот на народите,
Вида Томшич, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Видое Смилевски, с. р.

367.

Врз основа на членот 178 алинеја 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Уставните амандмани I точка 3 и II точка 2, Сојузната скупштина, на предлог од Комисијата за избор и именувања, а по прибаденото мислење од Сојузниот извршен совет, на седницата на Сојузниот собор од 18 мај 1967 година и на седницата на Соборот на народите од 18 мај 1967 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ЗА НАРОДНА ОДБРАНА

1. Се разрешува од должноста Иван Гошњак, досегашен државен секретар за народна одбрана.

2. За државен секретар за народна одбрана се именува Никола Љубичиќ, генерал-полковник на Југословенската народна армија.

Сојузна скупштина

АС бр. 823
19 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
Вида Томшич, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Видое Смилевски, с. р.

368.

Врз основа на членот 178 алинеја 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Уставните амандмани I точка 3 и II точка 2, Сојузната скупштина, на предлог од Комисијата за избор и именувања, а по прибаденото мислење од Сојузниот извршен совет, на седницата на Сојузниот собор од 18 мај 1967 година и на седницата на Соборот на народите од 18 мај 1967 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ СОЈУЗНИ СЕКРЕТАРИ И ЗАМЕНИЦИ СОЈУЗНИ СЕКРЕТАРИ

Се разрешуваат од должноста на сојузни секретари и заменици сојузни секретари, и тоа:

1) Милан Мишковиќ, сојузен секретар за внатрешни работи;

2) Милорад Зориќ, сојузен секретар за правосудство;

3а) Јанез Випотник, сојузен секретар за образование и култура;

б) Мирјана Крстиниќ, заменик сојузен секретар за образование и култура;

4а) Драгутин Косовац, сојузен секретар за здравство и социјална политика;

б) др Никола Георгиевски, заменик сојузен секретар за здравство и социјална политика;

5) Густав Влахов, сојузен секретар за информации;

6а) Ристо Цунов, сојузен секретар за труд;

б) Ѓуро Векиќ, заменик сојузен секретар за труд;

7) Киро Глигоров, сојузен секретар за финансии;

8а) Никола Цуверовиќ, сојузен секретар за надворешна трговија;

б) Августин Папиќ, заменик сојузен секретар за надворешна трговија;

9а) Хакија Поздерац, сојузен секретар за индустрија и трговија;

б) Винко Хафнер, заменик сојузен секретар за индустрија и трговија;

10а) Јоже инголич, сојузен секретар за земјоделство и шумарство;

б) инж. Душан Илиевиќ, заменик сојузен секретар за земјоделство и шумарство;

11а) Милијан Неоричиќ, сојузен секретар за сообраќај и врски;

б) Иво Сењановиќ, заменик сојузен секретар за сообраќај и врски.

Сојузна скупштина

АС бр. 824
19 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
Вида Томшич, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Видое Смилевски, с. р.

369.

Врз основа на членот 178 алинеја 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Уставните амандмани I точка 3 и II точка 2, во врска со чл. 63 и 68 став 3 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации, Сојузната скупштина, на предлог од Комисијата за избор и именувања, а по прибавеното мислење од Сојузниот извршен совет, на седницата на Сојузниот собор од 18 мај 1967 година и на седницата на Соборот на народите од 18 мај 1967 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОЈУЗНИ СЕКРЕТАРИ И ЗАМЕНИЦИ СОЈУЗНИ СЕКРЕТАРИ

Се именуваат:

1) за сојузен секретар за внатрешни работи Радован Стијачиќ, досегашен потпретседател на Извршниот совет на Босна и Херцеговина;

2а) за сојузен секретар за стопанство др Боривој Јелиќ, досегашен вице-гувернер на Народната банка на Југославија;

б) за заменик сојузен секретар за стопанство Владо Јуричиќ, досегашен потсекретар во Сојузниот секретаријат за индустрија и трговија;

3) за сојузен секретар за финансии Јанко Смоле, досегашен претседател на Извршниот совет на СР Словенија;

4а) за сојузен секретар за надворешна трговија др Васил Гривчев, досегашен член на Извршниот совет на СР Македонија;

б) за заменик сојузен секретар за надворешна трговија Борис Шпудерл, досегашен потсекретар во Сојузниот секретаријат за надворешна трговија.

Сојузна скупштина

АС бр 825
19 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
Вида Томшич, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Видое Смилевски, с. р.

370.

Врз основа на членот 178 алинеја 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Уставните амандмани I точка 3 и II точка 2, во врска со членот 74 став 2 и членот 79 став 2 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации, Сојузната скупштина на предлог од Комисијата за избор и именувања, а по прибавеното мислење од Сојузниот извршен совет, на седницата на Сојузниот собор од 18 мај 1967 година и на седницата на Соборот на народите од 18 мај 1967 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОЈУЗНИТЕ СОВЕТИ И ЗАМЕНИЦИ ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОЈУЗНИТЕ СОВЕТИ

Се именуваат:

1а) за претседател на Сојузниот совет за образование и култура Вукашин Миќуновиќ, досегашен директор на Агенцијата Танјуг;

б) за заменик претседател на Сојузниот совет за образование и култура Мирјана Крстиниќ, досегашен заменик сојузен секретар за образование и култура;

2) за претседател на Сојузниот совет за здравство и социјална политика др Никола Георгиевски, досегашен заменик сојузен секретар за здравство и социјална политика;

3а) за претседател на Сојузниот совет за труд Антон Полајнер, досегашен секретар на Централниот совет на Сојузот на синдикатите на Југославија;

б) за заменик претседател на Сојузниот совет за труд Ѓуро Векиќ, досегашен заменик сојузен секретар за труд;

4) за претседател на Сојузниот совет за правосудство др Јосип Брнчиќ, досегашен претседател на Врховниот суд на СР Хрватска.

Сојузна скупштина

АС бр. 827
19 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
Вида Томшич, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Видое Смилевски, с. р.

371.

Врз основа на членот 178 алинеја 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Уставните амандмани I точка 3 и II точка 2, во врска со членот 63 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации, Сојузната скупштина, на предлог од Комисијата за избор и именувања, а по прибавеното мислење од Сојузниот извршен совет, на седницата на Сојузниот собор од 18 мај 1967 година и на седницата на Соборот на народите од 18 мај 1967 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОРИ НА СОЈУЗНИ УПРАВИ

Се именуваат:

1) за директор на Сојузната управа за царини Милован Ѓокановиќ, досегашен директор на Управата за царини на СФРЈ;

2) за директор на Сојузната геодетска управа Василие Благоевиќ, досегашен директор на Сојузната геодетска управа;

3) за директор на Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба Батриќ Јовановиќ, досегашен директор на Дирекцијата за цивилна воздушна пловидба;

4) за директор на Сојузната управа за радио-врски Максо Дакиќ, досегашен директор на Управата за радио-сообраќај.

Сојузна скупштина

АС бр. 828
19 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
Вида Томшич, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Видое Смилевски, с. р.

372.

Врз основа на членот 178 алинеја 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Уставните амандмани I точка 3 и II точка 2, во врска со членот 17 од Законот за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет, Сојузната скупштина, на предлог од комисијата за избор и именувања, а по прибавеното мислење од Сојузниот извршен совет, на седницата на Сојузниот собор од 18 мај 1967 година и на седницата на Соборот на народите од 18 мај 1967 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И НАЗНАЧУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

1. Се разрешува од должноста секретар на Сојузниот извршен совет др Миливој Рукавина.

2. За секретар на Сојузниот извршен совет се назначува Рајко Гаговиќ, досегашен потпретседател на Републичкиот собор на Собранието на СР Босна и Херцеговина.

Сојузна скупштина

АС бр. 826
19 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
Вида Томшич, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Видое Смилевски, с. р.

373.

Врз основа на членот 178 алинеја 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Уставните амандмани I точка 3 и II точка 2, во врска со членот 48 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија, Сојузната скупштина, на предлог од Комисијата за избор и именувања, а по прибавеното мислење од Сојузниот извршен совет, на седницата на Сојузниот собор од 18 мај 1967 година и на седницата на Соборот на народите од 18 мај 1967 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГУВЕРНЕР НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

За гувернер на Народната банка на Југославија се именува др Никола Миљаниќ, досегашен гувернер на Народната банка на Југославија

Сојузна скупштина

АС бр. 830
19 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с р.

Претседател
на Соборот на народите,
Вида Томшич, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Видое Смилевски, с. р.

374.

Врз основа на членот 178 алинеја 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Уставните амандмани I точка 3 и II точка 2, во врска со членот 23 став 1 од Законот за јавното обвинителство, Сојузната скупштина, на предлог од Комисијата за избор и именувања, а по прибавеното мислење од Сојузниот извршен совет, на седницата на Сојузниот собор од 18 мај 1967 година и на седницата на Соборот на народите од 18 мај 1967 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СОЈУЗНИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

Се разрешува од должноста др Франц Хочевар, досегашен сојузен јавен обвинител.

Сојузна скупштина

АС бр. 829
19 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
Вида Томшич, с. р

Претседател
на Сојузниот собор,
Видое Смилевски, с. р.

375.

Врз основа на членот 178 алинеја 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Уставните амандмани I точка 3 и II точка 2, во врска со членот 33 став 3 од Законот за општественото книговодство, Сојузната скупштина, на предлог од Комисијата за избор и именувања, а по прибавеното мислење од Сојузниот извршен совет, на седницата на Сојузниот собор од 18 мај 1967 година и на седницата на Соборот на народите од 18 мај 1967 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР НА СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО

Се разрешува од должноста Радомир Коматина, досегашен генерален директор на Службата на општественото книговодство.

Сојузна скупштина

АС бр. 831
19 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на народите,
Вида Томшич, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Видое Смилевски, с. р.

376.

Врз основа на членот 12 став 1, во врска со чл. 155 и 156 од Законот за изборот на сојузните пратеници („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/67), а бидејќи во Просветно-културниот собор на Сојузната скупштина е испразнето пратеничкото место во Изборната единица 29 — Карловац, донесувам

ОДЛУКА

ЗА РАСПИШУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗБОРИ ЗА ПРОСВЕТНО-КУЛТУРНИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

1. Се распишуваат дополнителни избори за избор на сојузен пратеник за Просветно-културниот собор на Сојузната скупштина во Изборната единица 29 — Карловац.

2. Дополнителните избори ќе се одржат на 12 јули 1967 година.

02 бр. 1730
25 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р.

377.

Врз основа на членот 12 став 1, во врска со чл. 155 и 156 од Законот за изборот на сојузните пратеници („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/67), а бидејќи во Организационо-политичкиот собор на Сојузната скупштина е испразнето пратеничкото место во Изборната единица 29 — Карловац, донесувам

ОДЛУКА

ЗА РАСПИШУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗБОРИ ЗА ОРГАНИЗАЦИОНО-ПОЛИТИЧКИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

1. Се распишуваат дополнителни избори за избор на сојузен пратеник за Организационо-политичкиот собор на Сојузната скупштина во Изборната единица 29 — Карловац.

2. Дополнителните избори ќе се одржат на 12 јули 1967 година.

02 бр. 1731
25 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р.

378.

Врз основа на членот 12 став 1, во врска со чл. 155 и 156 од Законот за изборот на сојузните пратеници („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/67) а бидејќи во Организационо-политичкиот собор на Сојузната скупштина е испразнето пратеничкото место во Изборната единица 12 — Требиње, донесувам

ОДЛУКА

ЗА РАСПИШУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗБОРИ ЗА ОРГАНИЗАЦИОНО-ПОЛИТИЧКИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

1. Се распишуваат дополнителни избори за избор на сојузен пратеник за Организационо-политичкиот собор на Сојузната скупштина во Изборната единица 12 — Требиње.

2. Дополнителните избори ќе се одржат на 14 јули 1967 година.

02 бр. 1732
25 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузната скупштина,
Милентие Поповиќ, с. р.

379.

Врз основа на членот 186 став 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Стопанскиот собор на Сојузната скупштина, на седницата од 11 мај 1967 година, донесе

ДЕЛОВНИК

НА СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

I. УВОДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Организацијата на Стопанскиот собор на Сојузната скупштина (во понатамошниот текст: Соборот) и правилата за неговата работа се утврдуваат со Деловникот на Сојузната скупштина и со овој деловник.

Член 2

Деловникот на Соборот содржи одредби: за делокругот на Соборот; за постапката за верификација и престанок на мандатот на пратениците; за образувањето и задачите на одборите и другите работни тела на Соборот; за правата и должностите на претседателот и потпретседателот на Соборот.

Со деловникот на Соборот се утврдуваат формите на соработка на Соборот и неговите работни тела со работните и други организации и со работните заедници во областа на трудот — од делокругот на Соборот.

Со деловникот на Соборот се утврдува начинот на работата на Соборот и на неговите работни тела.

Член 3

Соборот ги врши работите од надлежноста на Сојузната скупштина, во рамките на делокругот утврден со Уставот и со Деловникот на Сојузната скупштина, рамноправно со Сојузниот собор.

Определените работи на Сојузната скупштина, утврдени со Уставот и Деловникот на Сојузната скупштина, Соборот ги врши самостојно.

Член 4

Одборите и други работни тела на Соборот, што се образуваат за вршење определени работи и задачи од делокругот на Соборот, работат врз основа на овој деловник.

Член 5

Во прашањата од заеднички интерес, Соборот и неговите работни тела соработуваат со соборите и другите работни тела на Сојузната скупштина и соборите, во согласност со одредбите од Деловникот на Сојузната скупштина.

Соборот соработува со соодветните собори на републичките собранија. Во остварувањето на таа соработка Соборот ги консултира соодветните тела, врши со нив заемна размена на мислења и развива други форми на соработка по прашањата од заеднички интерес, и при одлучувањето за тие прашања ги зема предвид нивните мислења и предлози.

Соборот остварува разни форми на соработка со работните и други организации во областа на трудот од делокругот на Соборот, на начинот утврден со одредбите на овој деловник.

Член 6

Работата на Соборот и неговите работни тела е јавна.

Известувањето на јавноста за работата на Соборот и на неговите работни тела се врши на начинот утврден со Деловникот на Сојузната скупштина.

II. ДЕЛОКРУГ НА СОБОРОТ

Член 7

Врз основа на Уставот и Деловникот на Сојузната скупштина Соборот, рамноправно со Сојузниот собор, претресува прашања од областа на стопанството и финансиите, како што се: состојбата и развојот на одделни области на стопанството; распределбата на општествениот производ; општествените планови и нивното остварување; прашањата на стопанскиот развој на стопански недоволно развиените републики и краишта; банкарскиот и кредитниот систем; системот на внатрешната распределба во работните организации; работата и функционирањето на органите на самоуправувањето во стопанските организации; прашањата на состојбата на кадрите и на потребата од кадри во областа на стопанството; други прашања од областа на општествено-економските односи и стопанскиот развиток и други прашања од интерес за работните луѓе и работните заедници од областа на стопанството.

Соборот може и самостојно да разгледува прашања што ги претресува рамноправно со Сојузниот собор, заради утврдување на состојбата, поведување иницијатива и давање предлози за решавање на тие прашања.

Член 8

Врз основа на Уставот и Деловникот на Сојузната скупштина Соборот, заедно со Сојузниот собор, донесува закони, дава автентични толкувања на закони и донесува други акти: за стопанските организации, стопанското работење и здружувањето во стопанството; за распределба на општествениот производ, за придонесот, даноците, таксите и други давачки; за јавните заеми; за парите и други средства за плаќање и платниот промет; за кредитните и банкарските работи; за цените и контролата на цените; за осигурувањето; за заштитата од елементарни непогоди; за земјата, шумите и водите, пашиштата и искористувањето на природните богатства и други природни сили; за заштита на добитокот и растенијата; за сообраќајот и врските; за проектирањето и градењето, за комуналното стопанство и урбанизмот; за мерите, стандардите, техничките нормативи, патентите, жиговите, мострите и моделите; за други прашања од областа на стопанството и финансиите и за други прашања од интерес за работните луѓе и работните заедници од тие области.

Соборот, рамноправно со Сојузниот собор, донесува прописи со кои се утврдуваат обврски на работните организации заради обезбедување материјални средства за потребите на општествената заедница.

Соборот, рамноправно со Сојузниот собор, ги донесува општествените планови на Југославија.

Член 9

Заради обезбедување уставната положба и самоуправните права на работните организации и работните луѓе во областа на стопанството, Соборот ги следи појавите и проблемите во врска со развојот на самоуправувањето и самоуправните односи во работните организации, поведува иницијативи, зазема ставови и предлага најцелесообразни решенија од гледиштето на општествено-економскиот и политичкиот систем. Во оваа работа, Соборот особено се опира врз работните организации и нивните асоцијации.

Член 10

Соборот самостојно ги претресува прашањата во врска со извршувањето на сојузните закони и другите акти на Сојузната скупштина и другите прашања од заеднички интерес за работните и други самоуправни организации и за работните заедници од областа на трудот од делокругот на Соборот, заради усогласување нивните меѓусебни односи и остварување соработка, размена на мислења и пронаоѓање најцелесообразни решенија на заедничките проблеми.

По овие прашања Соборот може да им дава препораки на соодветните самоуправни организации, работни заедници и државни органи.

Член 11

Соборот самостојно ги разгледува статутите на работните и други самоуправни организации во областа на трудот од делокругот на Соборот, за кои е со закон предвидено да ѝ се поднесуваат на разгледување на Сојузната скупштина.

Член 12

Соборот самостојно донесува своја програма за работа.

При изработката на програмата за работа Соборот особено води сметка за работите и задачите што произлегуваат од општествениот план и основите на политиката што ја има утврдено Сојузната скупштина.

При изработката на својата програма за работа Соборот ги зема предвид предлозите од членовите на Соборот, програмите за работа од своите одбори и други работни тела на Соборот, програмите за работа од другите собори на Сојузната скупштина, од Сојузниот извршен совет, од сојузните органи на управата и нивните предлози, како и предлозите од општествено-политичките заедници и општествено-политичките, работните и други организации.

Пред усвојувањето на програмата за работа, Соборот му ја доставува истата на разгледување на Претседателството на Сојузната скупштина.

III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОБОРОТ

Член 13

Соборот самостојно се конституира и се организира, и за таа цел врши верификација на мандатите и одлучува за мандатно-имунитетните прашања на своите членови; избира претседател и потпретседател на Соборот; образува одбори и други работни тела на Соборот, ги утврдува нивните задачи и избира претседател и членови на тие тела.

1. Постапка за верификација на мандатите на пратениците

Член 14

Верификацијата на мандатите на новоизбраните членови на Соборот ја врши Соборот на предлог од Мандатно-имунитетната комисија на Соборот.

Член 15

Мандатно-имунитетската комисија, врз основа на извештајот од Сојузната изборна комисија и други изборни списи, како и евентуално примените жалби на одделни избори, ја испитува правилноста на изборите и за најденета состојба му поднесува на Соборот свој извештај.

Извештајот на Комисијата им се става на располагање на сите членови на Соборот пред почетокот на седницата на која ќе се врши верификација на мандатите на пратениците.

Член 16

Соборот го претресува извештајот на Комисијата во целина.

Гласањето се врши за извештајот во целина, ако Комисијата не оспорила ниеден мандат. Ако Комисијата оспори некој мандат, прво се гласа во целина за сите неоспорени мандати, а потоа одвоено за секој оспорен мандат.

Член 17

Соборот може да ја оспори верификацијата на одделен мандат и да заклучи претходно да се извршат потребни извиди. За верификацијата на оспорениот мандат мора конечно да се реши во рок од два месеца.

Член 18

Пратеникот чиј мандат е оспорен има право да присуствува на седниците на Соборот и да учествува во работата без право на одлучување.

Член 19

По одлуката на Соборот за верификација на мандатот, претседателот на Соборот ќе ги повика сите новоизбрани членови на Соборот на кои им е верифициран мандатот да дадат свечена изјава.

Текстот на свечаната изјава го чита секретарот на Соборот, а членовите на Соборот го потпишуваат поединечно.

Член 20

Член на Соборот на кој му е верифициран мандатот, а кој не бил присутен при давањето на свечената изјава, ќе го потпише нејзинот текст пред претседателот на Соборот.

На ист начин даваат свечени изјави и членовите на Соборот избрани на повторни или дополнителни избори, по верификацијата на нивните мандати.

2. Претседател, потпретседател и секретар на Соборот

Член 21

Соборот има претседател.

Претседателот ја организира работата на Соборот; ги свикува седниците на Соборот и претседава на нив; поведува иницијатива за претресување одделни прашања од делокругот на Соборот на седницата на Соборот и на седниците на неговите работни тела; соработува со претседателите на другите собори заради усогласување работата на Соборот со работата на другите собори; се грижи за организирањето на соработка на Соборот со општествено-политичките, работните и други самоуправни организации.

Претседателот посебно се грижи за применувањето на деловникот на Соборот и дава толкување на неговите одредби, за спроведувањето на начелото за јавност во работата на Соборот и неговите работни тела и за остварувањето на правата и должностите на членовите на Соборот, утврдени со Уставот, Деловникот на Сојузната скупштина и со овој деловник.

Претседателот на Соборот го претставува Соборот.

Член 22

Претседателот на Соборот има право да им предложи на одборите и на другите работни тела на Соборот расправање на одделни прашања од делокругот на Соборот и да учествува во претресувањето на сите прашања што се на дневен ред на седниците на тие тела.

Член 23

Соборот има потпретседател, кој му помага на претседателот на Соборот во работата и врши, во договор со него, определени работи што овој ќе му ги довери.

Во случај на отсутност или подолга спреченост, претседателот на Соборот го заменува потпретседателот.

Член 24

Соборот има секретар.

Секретарот на Соборот му помага на претседателот на Соборот во подготвувањето и одржувањето на седниците на Соборот и дава, на барање од претседателот, стручни мислења за прашањата од делокругот на Соборот; ја организира стручната работа за потребите на Соборот и неговите работни тела и ја раководи таа работа; обезбедува стручна и документациона обработка на прашањата и материјалите потребни за работата на Соборот и неговите работни тела и врши други работи што ќе му ги довери претседателот на Соборот.

Секретарот на Соборот го именува и го разрешува Соборот на предлог од Комисијата за избор и именувања на Сојузната скупштина.

3. Одбори и други работни тела на Соборот

Член 25

За проучување на предлозите за донесување закони, за проучување на нацртите и предлозите на закони и други акти на Сојузната скупштина и за претресување на прашањата од својот делокруг, Соборот може да образува одбори, како работни тела на Соборот.

Со одлуката на Соборот за образување одделни одбори се утврдуваат и нивните задачи.

Член 26

Членовите на одборите се избираат од редот на членовите на Соборот.

Бројот на членовите на одделни одбори се утврдува при донесувањето на одлука за образување одбори.

Соборот може, кога ќе се укаже потреба за тоа, поединечно да го дополни или прошири бројот на членовите на одделен одбор, како и да разреши од должност одделен член на одборот пред престанокот на работата на одборот чиј член е тој.

Член 27

Одделен одбор престанува со работа со исполнувањето на задачите заради кои е образуван и во други случаи кога ќе одлучи Соборот за тоа.

Со одлука на Соборот се утврдува престанокот на работата на одделен одбор.

Член 28

Одбор на Соборот се образува заради:

1) проучување предлози за донесување закони, проучување нацрти и предлози на закони и други акти од делокругот на Соборот;

2) претресување на прашањата предвидени со програмата за работа на Соборот и други прашања од делокругот на Соборот;

3) собирање и обезбедување на податоците потребни за работа и заземање ставови од страна на Соборот, спроведување на анкети и проучување на предлозите од органите и организациите упатени до Соборот на разгледување и решавање.

Во извршувањето на задачите заради кои се образувани одборите на Соборот можат да поведуваат и расправаат одделни прашања по сопствена иницијатива или на барање од претседателот на Соборот.

Член 29

Соборот има Мандатно-имунитетна комисија.

Мандатно-имунитетната комисија:

1) ги испитува пратеничките уверенија, изборните акти и жалбите и му дава предлози на Соборот во поглед на верификацијата на мандатите на членовите на Соборот;

2) му поднесува на Соборот извештај за престанокот на мандатот на одделен член на Соборот;

3) ги претресува сите прашања во врска со имунитетното право;

4) дава, кога Соборот не е собран, одобрение за лишување од слобода и за поведување односно продолжување кривична постапка и одлучува за воспоставувањето на имунитетно право на член на Соборот, со дополнителна потврда од Соборот.

Комисијата се состои од претседател и шест членови, што се избираат од редот на членовите на Соборот.

Претседателот и членовите на Комисијата се избираат на четири години, ако пред тој рок не им истекува мандатот.

Претседателот и членовите на Комисијата на кои им истекува мандатот ја вршат функцијата до изборот на нов претседател односно членови на Комисијата.

Член 30

Заради проучување определено прашање од делокругот на Соборот или разгледување на потребата од донесување одделни прописи и други акти по прашањата од делокругот на Соборот, наведени во членот 8 од овој деловник, како и други прашања за кои нема образувано одбори, Соборот може да

образува пратенички групи и други работни тела на Соборот.

Пратеничките групи и други работни тела на Соборот, самостојно или во соработка со одделни органи, организации и научни и други институции, проучуваат определени проблеми и состојби во одделна област и за тоа го известуваат Соборот.

Член 31

Задачите на пратеничките групи и другите работни тела на Соборот ги утврдува Соборот со заклучок при нивното образување.

Пратенички групи и други работни тела на Соборот, помеѓу седниците на Соборот, може да образува и претседателот на Соборот, со тоа да го извести за тоа Соборот на наредната седница.

Членови на пратенички групи и други работни тела на Соборот можат да бидат, покрај членовите на Соборот, и стручњаци од органите на управата и од други органи и организации, како и научни и други јавни работници.

Член 32

Во поглед на постапката за образување пратенички групи и други работни тела на Соборот, на изборот на членови на овие тела, како и нивниот престанок со работа, согласно се применуваат одредбите од овој деловник што се однесуваат на одборите на Соборот.

4. Постапка во врска со престанокот на мандатот на пратеник

Член 33

Кога Соборот ќе биде известен за настапување на случај предвиден со закон кој повлекува престанок на мандатот на одделен член на Соборот, се состанува Мандатно-имунитетната комисија за да го испита тој случај и за тоа да му поднесе извештај на Соборот.

Комисијата ја свикува претседателот на Комисијата.

Член 34

Кога Мандатно-имунитетната комисија ќе констатира дека настапил некој од случаите предвидени со закон кој повлекува престанок на мандатот на одделен член на Соборот, ќе поднесе на првата наредна седница на Соборот извештај за испитаниот случај.

Претседателот на Соборот е должен во предлогот на дневниот ред за првата наредна седница на Соборот да го внесе извештајот на Комисијата за случајот кој повлекува по себе престанок на мандатот на член на Соборот.

Член 35

Соборот на својата седница, по разгледувањето на извештајот од Мандатно-имунитетната комисија, утврдува дали настапил некој од случаите предвидени со закон кој повлекува престанок на мандатот на член на Соборот.

IV. СОРАБОТКА НА СОБОРОТ СО РАБОТНИТЕ И ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 36

Во извршувањето на своите задачи Соборот развива разновидни форми на соработка со работните и други самоуправни организации и со работните заедници и општествено-политичките организации и здруженија.

Член 37

Соборот и неговите работни тела при донесувањето на закони и други акти од својот делокруг, како и при разгледувањето на други прашања можат да бараат мислења и предлози од соодветните работни и општествено-политички организации и здруженија.

Кога Соборот или некое од работните тела на Соборот ќе побара мислење за одделно прашање од организациите и заедниците од претходниот став, овие имаат право и преку свои претставници на седница на Соборот или неговите работни тела да го образложат своето мислење.

Член 38

Соборот може да повикува претставници на одделни работни и општествено-политички организации и здруженија по определени прашања на седница на Соборот или неговите работни тела да ги изнесат своите мислења и ставови, а може да одлучи заедно со овие претставници да расправи определени прашања од својот делокруг, што се однесуваат на состојбата во одделни области на стопанството или на други прашања од интерес за работните луѓе и работните заедници во областа на трудот од делокругот на Соборот.

Соборот остварува и други форми на соработка со работните и општествено-политичките организации и здруженија.

V. ДЕЛОВЕН РЕД ЗА СЕДНИЦИТЕ НА СОБОРОТ И НЕГОВИТЕ РАБОТНИ ТЕЛА

А. Работа во Соборот

Член 39

Соборот работи, по правило, на седници.

Соборот може, во спогодба со еден или повеќе Собори на Сојузната скупштина, да одлучи на заедничка седница да се претресуваат прашања од заеднички ентерес за тие собори.

Член 40

Соборот донесува одлуки со гласање на членовите на Соборот на седници.

Кога на заедничка седница на два или повеќе собори одлучат да гласаат, членовите на Соборот гласаат одвоено.

1. Свикување на седниците

Член 41

Седниците на Соборот ги свикува претседателот на Соборот по своја иницијатива.

Претседателот на Соборот е должен да свика седница врз основа на заклучок од Соборот, на предлог од претседателот на Скупштината или од претседателот на Сојузниот извршен совет, на барање од одбор или друго работно тело на Соборот, или на барање од десет членови на Соборот, како и во други случаи предвидени со овој деловник.

Ако претседателот не ја свика седницата на Соборот кога е должен да го стори тоа, Соборот ќе се состане на покана од дваесет членови на Соборот или од претседателот на Сојузната скупштина.

Член 42

Поканата за седница на Соборот мора да им биде упатена на сите членови на Соборот најдоцна на 8 дена пред денот опредлен за одржување на седницата.

Кон писмената покана за седница претседателот им доставува на членовите на Соборот предлог на дневен ред и соодветен материјал кон прашањата што се предлагаат за дневен ред, како и записник од претходната седница, ако порано не им биле доставени.

По исклучок, во итни случаи, претседателот може да свика седница на Соборот и во рок пократок од 8 дена, а дневниот ред за ваквата седница може да го предложи на самата седница.

Член 43

Дневниот ред на седницата на Соборот го предлага претседателот на Соборот.

Предлог за внесување одделни прашања во дневниот ред на седницата на Соборот имаат право да поднесат: член на Соборот, одборите и други работни тела на Соборот, друг собор, претседателот на Сојузната скупштина, како и Сојузниот извршен совет.

При составувањето на предлог-дневниот ред претседателот на Соборот ќе ја земе предвид и иницијативата што произлегува од сојузни органи на управата, од општествено-политички, работни и други самоуправни организации, како и од граѓани.

Член 44

Предлози за дневен ред можат да се поднесуваат до денот на свикувањето на седницата на Соборот.

Предлозите за внесување одделни прашања во дневниот ред на седницата му се поднесуваат на претседателот на Соборот.

2. Претседавање и учество на седниците

Член 45

На седниците на Соборот претседава претседателот на Соборот.

Претседателот, во случај на отсутност, го заменува потпретседателот на Соборот.

Ако и потпретседателот е отсутен, на седницата се избира еден од членовите на Соборот кој ќе претседава на седницата. Во тој случај седницата ја отвора член на Соборот најстар по години и претседава на неа до изборот на член на Соборот кој понатаму ќе претседава на седницата.

Член 46

Покрај членовите на Соборот, право да учествуваат на седниците на Соборот, без право на одлучување имаат членови на други собори, со одобрение од Соборот.

На седниците на Соборот можат да учествуваат без право на одлучување и членови на Сојузниот извршен совет и претставници на тој Совет што не се пратеници, како и претставници од сојузните органи на управата, од органите на општествено-политичките заедници, општествено-политичките, работните и други самоуправни организации, научни, стручни и други јавни и политички работници — кога на седницата се повикани заради изнесување свои мислења по определени прашања.

3. Тек на седницата

Член 47

На почетокот на седницата на Соборот претседателот констатира дали постои кворум за работа.

Откако ќе ја отвори седницата, претседателот ги прашува членовите на Соборот дали имаат забелешки на записникот од претходната седница. За основаноста на забелешките Соборот одлучува без претрес.

Претседателот потоа дава кратки објаснениија во врска со текот на седницата и со други прашања.

Член 48

Членовите на Соборот можат сé до преминување на дневен ред да му упатуваат прашања на Сојузниот извршен совет и на функционерите што раководат со сојузни органи на управата.

Во тој дел од седницата се даваат и одговори на поставените прашања на членовите на Соборот.

Член 49

Дневниот ред на седницата се утврдува на предлог од претседателот на почетокот на седницата на Соборот.

Ако претседателот на Соборот во предлогот на дневниот ред не внесол определено прашање предложено за дневен ред, а предлагачот останува при своето барање, за предлогот ќе одлучи Соборот на седницата без претрес.

Член 50

Член на Соборот и претставник на Сојузниот извршен совет можат и на седницата да предложат да се стави определено прашање на дневен ред, но се должни да ја образложат итноста на предлогот не влегувајќи во содржината на прашањето што треба да се стави на дневен ред.

На седницата најпрво се расправа за итноста на предлогот. Соборот расправа за итноста на предлогот што го ставил еден член на Соборот ако неговиот предлог го поддржале најмалку десет членови на Соборот.

Член 51

По усвојувањето на дневниот ред се преминува на претрес на прашањата, според редот утврден во усвоениот дневен ред. Во текот на седницата Соборот може да изврши измени во редоследот за претрес на одделни прашања што се утврдени со дневниот ред.

На седницата се претресува секое прашање на дневниот ред пред да се одлучува за него, освен во случаите кога е со овој деловник определено Соборот да одлучува без претрес.

Член 52

Секое прашање се претресува додека по него има пријавени говорници.

Претседателот на Соборот го заклучува претресот кога ќе утврди дека нема повеќе пријавени говорници.

Член 53

Претресот на одделни прашања што не бараат донесување одлука и за кои Соборот не сака да одлучи, се завршува со просто или образложено преминување на следната точка од дневниот ред.

Пред заклучувањето на претресот со преминување на следната точка од дневниот ред, на седницата може со заклучок да се утврди состојбата или да се заземе став и гледиште во врска со прашањето што е претресувано.

Член 54

Претресот на прашањата од областа на стопанството и финансиите, што се наведени во членот 7 на овој деловник може да се заклучи со просто или образложено преминување на следната точка од дневниот ред, со донесување декларација, резолуција односно препорака, или пак со донесување заклучоци со кои се утврдува состојбата и се заземаат ставови или се даваат насоки и упатства за работа на одборите и другите работни тела на Соборот односно другите надлежни органи по односните прашања.

Член 55

Претресот на предлозите за донесување закони и други акти, што ги донесува Соборот рамноправно со Сојузниот собор по прашањата од делокругот на Соборот предвидени во членот 8 на овој деловник, може да се заврши со донесување заклучок за усвојување на предлогот или заклучок со кој се одбива предлогот.

Претресот на нацртите на закони и други акти од делокругот на Соборот може да се заврши со усвојување на нацртот во начело, или со враќање нацртот до неговиот подносител со заклучок во кој се утврдуваат ставовите и забелешките на нацртот на закон односно друг акт.

Претресот на предлозите на закони и други акти од делокругот на Соборот се завршува со гласање на членовите на Соборот, со кое предлогот се прифаќа или се одбива.

Член 56

Претресот на прашањата што се однесуваат на извршување на закони и други акти и спроведување на политиката и мерките на Сојузната скупштина од делокругот на Соборот, како и на прашањата од заеднички интерес за работните и други самоуправни организации и работните заедници во областа на трудот од делокругот на Соборот, може да се заврши со утврдување на задачите за натамошна работа по пат на одлука, препорака односно заклучок, или со преминување на следната точка од дневниот ред.

Член 57

Претресот на извештаите на Сојузниот извршен совет и на функционерите што раководат со сојузни органи на управата во областа на трудот од делокругот на Соборот може да се заврши со утврдување задачи и насоки за понатамошна работа, како и со утврдување обврски во поглед спроведувањето на политиката и извршувањето на законите и другите акти на Сојузната скупштина од делокругот на Соборот.

Во поглед на прашањата што се однесуваат на претресот на извештаите на Сојузниот извршен совет и функционерите што раководат со сојузни органи на управата од областа на трудот од делокругот на Соборот се применуваат непосредно одредбите од Деловникот на Сојузната скупштина.

4. Одлучување на седниците

Член 58

Соборот може полноважно да одлучува ако на седницата на Соборот се присутни повеќе од една половина од вкупниот број на членовите на Соборот.

Претседателот може да определи прозивка по сопствена иницијатива ако стекне впечаток дека на седницата не присуствуваат мнозинството членови на Соборот, или на барање од одделен член на Соборот чие барање ќе го поддржат најмалку 10 пратеници.

Член 59

Полноважни се одлуките на Соборот за кои гласало мнозинството од присутните членови на Соборот.

Член 60

Секој член на Соборот има право пред гласањето да го образложи својот глас. Неговото образложение не може да трае подолго од 5 минути.

Член 61

Гласањето е, по правило, јавно.

Тајно гласање се врши ако тоа на седницата се одлучи, на предлог од претседателот на Соборот или член на Соборот чиј предлог ќе го поддржат најмалку десет членови.

5. Работа на Соборот во постапката за разгледување и донесување на прописи и акти

Член 62

Разгледувањето и донесувањето на закони и други прописи и акти на Сојузната скупштина, што ги донесува Соборот рамноправно со Сојузниот собор или самостојно, се врши на начинот утврден со Деловникот на Сојузната скупштина.

Член 63

Соборот донесува свој деловник и врши негови измени и дополненија според постапката за донесување одлуки.

Член 64

Соборот ги разгледува статутите на работните и други самоуправни организации во областа на трудот од делокругот на Соборот на начинот утврден со овој деловник.

Член 65

Пред разгледувањето на статутот на седницата на Соборот, статутот им се доставува на разгледување на надлежните одбори на Соборот.

Одборите на Соборот го разгледуваат статутот и за тоа на Соборот му поднесуваат извештај, кој содржи мислење и забелешки во поглед на усогласеноста на одредбите од статутот со Уставот и законот, како и од гледиштето во која мера со статутот се обезбедува и се овозможува остварување на самоуправните права на работните луѓе и развојот на самоуправувањето.

Извештајот на одборот им се доставува на членовите на Соборот најдоцна на 8 дена пред денот определен за одржување на седницата на Соборот на која ќе се разгледува статутот.

Член 66

Соборот го повикува на својата седница на која ќе се разгледува статутот претставникот на работната или друга самоуправна организација чиј статут се разгледува, заради образложение на одделни ставови заземени во статутот.

Член 67

Соборот, врз основа на извештајот од одборот, како и по сослушаното образложение од подносителот на статутот, го утврдува и ѝ го доставува своето мислење на работната или друга самоуправна организација чиј статут го разгледувал.

6. Посебна постапка при изборот

а) Избор на претседател и потпретседател на Соборот

Член 68

Претседателот и потпретседателот на Соборот се избираат од редот на членовите на Соборот.

Член 69

Предлог на кандидатура за избор на претседател на Соборот поднесува Комисијата за избор и именувања на Сојузната скупштина.

Предлог може да поднесе и група од најмалку десет членови на Соборот.

Предлогот на кандидатура му се поднесува писмено на претседателот на Соборот на 24 часа пред почетокот на седницата на која се врши изборот на нов претседател на Соборот.

Предлогот мора да им биде ставен на располагање на членовите на Соборот до почетокот на седницата.

Известителот на Комисијата за избор и именувања односно еден од предлагачите на кандидатурата што ја предложиле група членови на Соборот имаат право на седницата на Соборот да го образложат предлогот на кандидатурата.

Член 70

Со спроведувањето на изборите за нов претседател на Соборот раководи претседателот на Соборот, на кој во работата му помагаат секретарот и два члена на Соборот избрани на седницата.

Член 71

Изборот на претседател на Соборот се врши, по правило, со јавно гласање.

Јавното гласање се врши со дигање рака, ако претседателот на Соборот не определи да се врши поименично, или ако тоа не го побара еден член на Соборот чие барање ќе го поддржат најмалку десет членови.

Јавното гласање за одделни кандидати се врши по оној ред по кој се поднесени предлозите.

Член 72

Изборот на претседател на Соборот се врши со тајно гласање ако го побара тоа член на Соборот чиј предлог ќе го поддржат најмалку десет членови.

Член 73

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња

На гласачкото ливче мораат да бидат внесени имињата на сите предложени кандидати, и тоа по оној ред по кој му се поднесени предлозите на претседателот на Соборот. Пред секое име на кандидатот мора да има реден број.

На секое гласачко ливче се става печатот на Сојузната скупштина.

Секој член на Соборот добива едно гласачко ливче.

По распределбата на гласачките ливчиња претседателот на Соборот го определува времето потребно за пополнување на гласачките ливчиња.

Член 74

Член на Соборот гласа „за" на тој начин што го заокружува редниот број пред името на кандидатот за кој гласа.

Член на Соборот може да гласа само за еден кандидат, ако се предложени повеќе кандидати за претседател на Соборот.

Откако ќе го пополни гласачкото ливче членот на Соборот го спушта во гласачката кутија.

Член 75

По завршеното гласање се врши преглед и пребројување на гласачките ливчиња заради утврдување резултатот од гласањето. Ако се појави разлика помеѓу бројот на издадените и предадените гласачки ливчиња, резултатот од гласањето се утврдува врз основа на предадените гласачки ливчиња.

Член 76

Резултатот од гласањето го објавува претседателот на Соборот.

Претседателот на Соборот објавува колку вкупно членови гласале, колку од тоа за одделен кандидат, а колку има неважечки гласачки ливчиња.

Член 77

За претседател на Соборот е избран оној кандидат што добил мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на Соборот.

Ако ниеден кандидат не го добие потребното мнозинство, во повторното гласање се гласа за порано предложените кандидати, ако предлог-кандидатурата не е повлечена, како и за нови кандидати ако бидат дополнително предложени.

Член 78

Изборот на потпретседател на Соборот се врши по изборот на претседател на Соборот.

Изборот на потпретседател се врши по истата постапка како и изборот на претседател на Соборот.

Член 79

Претседателот и потпретседателот на Соборот се избираат на четири години, ако пред тој рок не им истекува мандатот.

Претседателот и потпретседателот на Соборот на кои им истекува мандатот ја вршат функцијата до изборот на нов претседател односно потпретседател.

Член 80

Одредбите од овој деловник што се однесуваат на постапката при изборот на претседател односно потпретседател на Соборот согласно се применуваат и во постапката за нивното разрешување.

б) Избор на одбори и други работни тела на Соборот

Член 81

Предлог за избор на претседател и членови на одделен одбор, односно за дополнение на неговиот состав може на седница на Соборот да поднесе претседателот на Соборот или група од најмалку пет членови на Соборот.

Предлозите се поднесуваат по пат на кандидатски листи. Секоја кандидатска листа содржи онолку кандидати колку што се избираат членови на одборот.

На седницата на Соборот се гласа за поднесените листи во целина, по оној ред по кој се предложени.

Член 82

Изборот на претседател и членови на одборот се врши со јавно гласање.

Гласањето се врши со дигање рака, и тоа на тој начин што претседателот ги повикува членовите на Соборот да се изјаснат кој е за предлогот.

Член 83

Тајно гласање се врши ако го побара тоа член на Соборот чиј предлог ќе го поддржат најмалку десет членови.

Тајното гласање се врши по постапката и на начинот предвиден за изборот на претседател на Соборот.

Член 84

Во поглед на изборот на членови на комисии, пратенички групи и други работни тела на Соборот, согласно се применуваат одредбите од овој деловник што се однесуваат на изборот на членови на одбори на Соборот.

Б. Работа во работните тела на Соборот

Член 85

Одборите на Соборот работат врз основа на своите програми за работа.

При изработката на програмата за работа секој одбор на Соборот е должен да ги внесе оние прашања и задачи, предвидени во програмата за работа на Соборот, што на него се однесуваат.

Член 86

Одборите работат на седници.

Седниците на одборот ги свикува претседателот на одборот по сопствена иницијатива или по заклучок од одборот.

Претседателот е должен да свика седница на одборот кога го бара тоа претседателот на Соборот, како и кога ќе го предложи тоа една третина од членовите на одборот, со наведување на прашањето што треба да се стави на дневен ред на седницата.

Ако претседателот на одборот не ја свика седницата кога е должен да го стори тоа, седницата ќе ја свика претседателот на Соборот.

Член 87

На седниците на одборот претседава претседателот на одборот.

Претседателот во случај на отсутност го заменува заменик-претседател на одборот што ќе го избере одборот.

Во времето помеѓу две седници на одборот претседателот на Соборот може, во случај на спреченост на претседателот на одборот и неговиот заменик, да определи еден од членовите на одборот што ќе ги заменува нив до наредната седница на одборот.

Член 88

Претседателот на одборот ја организира работата на одборот.

Претседателот дава иницијатива за претресување одделни прашања, се грижи за известувањето на членовите на одборот, соработува со претседателот на Соборот и со претседателите на одборите и другите тела на Сојузната скупштина и на Соборот, како и со функционерите што раководат со сојузни органи на управата и со претставниците на заинтересираните органи и организации, по прашањата што ќе се претресуваат на седницата на одборот.

Претседателот се грижи за спроведувањето на заклучоците и ставовите на одборот.

Член 89

Членовите на одборот имаат право и должност да присуствуваат на седниците на одборот и да учествуваат во работата.

За својата работа во одборот претседателот и членовите на одборот се одговорни пред Соборот

Член 90

На седниците на одборот имаат право да присуствуваат и да учествуваат во неговата работа и други членови на Соборот.

Членовите на други собори на Сојузната скупштина имаат право да присуствуваат на седниците на одборот на Соборот, а со одобрение од одборот можат и да учествуваат во работата на одборот.

Член 91

Предлогот на дневен ред го составува претседателот на одборот.

Предлогот на дневен ред, заедно со соодветните материјали, им се доставува на членовите на одборот најмалку на осум дена пред одржувањето на седницата на одборот.

Предлог за внесување одделни прашања во дневниот ред на одборот има право да поднесе секој член на одборот, како и одборите и други работни тела на Соборот. Одборот е должен да го внесе во дневниот ред на седницата секое прашање за кое ќе го побара тоа Соборот или претседателот на Соборот.

Иницијатива за внесување одделни прашања во дневниот ред на одборот може да произлезе и од други собори, како и од одбори и други тела на Сојузната скупштина и соборите, од Сојузниот извршен совет, од функционери што раководат со сојузни органи на управата, како и од општествено-политички, работни и други самоуправни организации и од граѓани.

Дневниот ред се утврдува на седницата на одборот.

Член 92

Одборите на Соборот не донесуваат одлуки.

За ставовите што ќе ги заземаат при претресување на одделни прашања одборите го известуваат Соборот.

Одборите не мораат да заземат став по секое прашање.

Откако ќе проучат определено прашање, одборите му поднесуваат на Соборот свој извештај кој ги содржи сите изнесени ставови, предлози и мислења, како и сите можности за решавање на определено прашање.

Кон својот извештај на Соборот одборот може да приложи и потребна документација и друг материјал потребен за поцелосно запознавање на определено прашање.

Одборот може да определи свој известител кој на седницата на Соборот ќе ги образложи ставовите, мислењата и предлозите на одборот.

Одборите можат да донесуваат заклучоци во поглед на својата работа.

Член 93

Кога се појавуваат како предлагачи на закони и други акти од делокругот на Соборот одборите заземаат ставови и донесуваат заклучоци со мнозинство гласови од сите членови на одборот.

Член 94

Одборите на Соборот се самостојни во поведувањето на иницијатива и вршењето на работите од својот делокруг за работа.

Одборите се должни да проучат определено прашање и да му поднесат на Соборот извештај со мислења и предлози, ако тоа го побара Соборот или претседателот на Соборот при подготвувањето на седница на Соборот.

Член 95

Кога е на седницата на одборот донесен заклучок да му се достави на Соборот на разгледување предлог за донесување закон или друг акт од делокругот на Соборот или предлог на закон односно друг акт, или кога одборот смета дека за заземените ставови по определено прашање треба да го извести Соборот, претседателот на одборот ќе побара од претседателот на Соборот тоа прашање односно предлог да се стави на дневен ред на седницата на Соборот. Одборот истовремено ќе определи свој претставник кој на седницата на Соборот ќе го запознае Соборот со предлозите односно ставовите на одборот.

Член 96

Прашањата што се од интерес за два или повеќе одбори на Соборот заинтересираните одбори ги расправаат, по правило, на заедничка седница.

Член 97

Работата на одборите на Соборот ја усогласува претседателот на Соборот во договор со претседателите на одборите.

Член 98

Во поглед на начинот на работата на пратеничките групи и другите работни тела на Соборот, согласно се применуваат одредбите од овој деловник за работата на одборите.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 99

Со денот на влегувањето во сила на овој деловник престанува да важи Одлуката за привременио деловен ред на Стопанскиот собор на Сојузната скупштина („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/63).

Член 100

Овој деловник влегува во сила со денот на усвојувањето на седницата на Соборот.

АС бр. 806
12 мај 1967 година
Белград

Стопански собор на Сојузната скупштина

Претседател,
Осман Карабеговиќ, с. р.

380.

Врз основа на членот 186 став 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Просветно-културниот собор на Сојузната скупштина, на седницата од 11 мај 1967 година, донесе

ДЕЛОВНИК
НА ПРОСВЕТНО-КУЛТУРНИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

I. УВОДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој деловник се утврдуваат организацијата, правилата за работа и начинот на работата на Просветно-културниот собор на Сојузната скупштина (во понатамошниот текст: Соборот), на неговите одбори, комисии и работни групи.

По прашањата што не се регулирани со овој деловник се применуваат одредбите од Деловникот на Сојузната скупштина.

Член 2

Деловникот на Соборот содржи одредби за делокругот на Соборот, за постапката на верификација и престанок на мандатот на пратениците, за образувањето и задачите на одборите и другите работни тела на Соборот, за правата и должностите на претседателот, потпретседателот и секретарот на Соборот, за начинот на работата на седниците на Соборот и неговите работни тела.

Со деловникот на Соборот се утврдуваат формите на соработка на Соборот и неговите работни тела со работните организации и заедници од областа на образованието и воспитувањето, науката, информациите, уметноста и други области на културата како и физичката култура, со соодветните научни и стручни организации и здруженија и нивните сојузи, со општествено-политичките организации, како и со општествено-политичките заедници и нивните органи.

Член 3

Соборот рамноправно со Сојузниот собор врши работи од надлежноста на Сојузната скупштина, во рамките на делокругот утврден со Уставот и Деловникот на Сојузната скупштина.

Член 4

Одборите, комисиите и работните групи на Соборот, што се образуваат за вршење определени работи и задачи од делокругот на Соборот, работат врз основа на овој деловник.

Член 5

Во разгледувањето на прашањата од заеднички интерес Соборот и неговите работни тела соработуваат со соборите и други работни тела на Сојузната скупштина и на другите собори, во согласност со одредбите од Деловникот на Сојузната скупштина.

Во разгледувањето на прашањата од заеднички интерес Соборот и неговите работни тела соработуваат со соодветните собори и тела на собранијата на општествено-политичките заедници, вршат со нив заемна размена на мислења и развиваат други форми на меѓусебна соработка.

Заради остварување на своите задачи Соборот соработува со работните и други организации и заедници како и со органите во областа од делокругот на Соборот, на начинот утврден со овој деловник.

Соборот исто така соработува со работни и други организации и органи вон од својот делокруг при разгледувањето на прашањата од интерес за работата на Соборот.

Член 6

Работата на Соборот и неговите работни тела е јавна.

II. ДЕЛОКРУГ НА СОБОРОТ

Член 7

Врз основа на Уставот и Деловникот на Сојузната скупштина Соборот, рамноправно со Сојузниот собор, ги претресува: состојбата и проблемите во областа на образованието и воспитувањето, науката, информациите, уметноста и други области на културата, како и физичката култура — заради утврдување на начелата од интерес за основното единство на општествениот и политичкиот систем и политиката на федерацијата во овие области; општите прашања од развојот на системот на образованието и воспитувањето, научноистражувачката работа и нејзината организација, средствата за информации, уметноста и други области на културата, како и физичката култура, состојбата на кадрите и потребите од кадри во овие области — особено во врска со обезбедувањето на материјална основа за работа и развој на тие области, за унапредување на самоуправните односи и за образование и усовршување на кадрите во нив, како и други прашања од интерес за работните луѓе и работните заедници во овие области.

Соборот може и самостојно да претресува прашања по кои одлучува рамноправно со Сојузниот собор, заради утврдување на состојбата и поведување иницијатива за нивното решавање.

Член 8

Врз основа на Уставот и Деловникот на Сојузната скупштина Соборот рамноправно со Сојузниот собор донесува закони, дава автентични толкувања на закони и донесува други акти со кои се уредуваат прашањата од надлежноста на федерацијата во областа на образованието, науката, информациите, уметноста и другите области на културата, авторското право и физичката култура, како и други прашања од интерес за работните луѓе и работните заедници од тие области.

Член 9

Со цел за обезбедување на уставната положба и самоуправните права на работните организации и работните луѓе во областите од делокругот на Соборот и поведување соодветни иницијативи и заземање ставови по тие прашања, Соборот го следи развојот на самоуправувањето и на самоуправните односи и појавите што настануваат во врска со тој развој.

Прашањата и појавите од ставот 1 на овој член Соборот ги следи, опирајќи се врз работните организации и заедници, особено со разгледување на нивните статути и другите општи акти со кои се регулираат самоуправните односи и распределбата според трудот.

Член 10

Соборот може самостојно да претресува предлози на закони, на општествен план, буџет и други акти од делокругот на друг собор и да поднесува амандмани и да му дава мислење на надлежниот собор за тие предлози, ако со нив се регулираат прашања од интерес за работните луѓе и работните заедници од областите што се во делокругот на Соборот.

Соборот може амандман или мислење да образложи и преку свој претставник на седницата на надлежниот Собор.

Член 11

Соборот самостојно ги претресува прашањата во врска со извршувањето на сојузните закони и другите акти на Сојузната скупштина од делокругот на Соборот, како и другите прашања од заеднички интерес за работните организации и заедници во областите од својот делокруг заради остварување соработка и усогласување нивните меѓусебни односи, размена на мислења и искуства и пронаоѓање најцелесообразни решенија на заедничките проблеми.

Овие прашања Соборот ги разгледува на предлог од членовите на Соборот, одборите, комисиите или работните групи на Соборот или на иницијатива и барање од работни и други организации и заедници од областите што спаѓаат во делокругот на работата на Соборот.

За прашањата од ставот 1 на овој член Соборот може да им дава препораки на соодветните самоуправни организации и заедници, како и на државни органи.

Член 12

Соборот може самостојно да ги претресува извештаите на Сојузниот извршен совет и на функционерите што раководат со соодветни органи на управата, и врз основа на претресот на состојбата во одделна област од својот делокруг може да бара од Сојузниот собор и од Соборот на народите да поведе постапка за разрешување на сите членови или одделен член на Сојузниот извршен совет, или за разрешување одделен функционер на сојузната управа кого го именува Сојузната скупштина.

Член 13

Соборот самостојно ги разгледува статутите на работните и други самоуправни организации во областите од делокругот на Соборот, за кои е со закон предвидено да ѝ се поднесуваат на разгледување на Сојузната скупштина.

Член 14

Соборот ја утврдува програмата на работата.

Во програмата на работата Соборот ги внесува најважните работи од својот делокруг, што ќе ги врши во определен период.

При изработката на програмата на работата Соборот поаѓа од утврдените ставови и заклучоци за состојбата и проблемите во областите од делокругот на Соборот, од предлозите од членовите на Соборот, одборите и другите работни тела на Соборот, а ги зема предвид и програмите на работата од другите собори на Сојузната скупштина, од Сојузниот извршен совет, соодветните сојузни органи на управата, како и програмите на работата и предлозите од општествено-политичките заедници, работните и други организации во областите од делокругот на Соборот.

При изработката на програмата на работата Соборот ги зема предвид особено работите и задачите што произлегуваат од општествените планови и основите на политиката што ја има утврдено Сојузната скупштина.

III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СОБОРОТ

Член 15

Соборот самостојно се конституира и се организира. За таа цел Соборот самостојно ги верифицира мандатите и одлучува за мандатно-имунитетните прашања на своите членови; избира претседател и потпретседател на Соборот, ги утврдува нивните задачи и овластувања; образува одбори, комисии и работни групи на Соборот и го определува нивниот делокруг и задачи, избира претседател и членови на тие тела, го именува и го разрешува секретарот на Соборот на предлог од Комисијата на Сојузната скупштина за избор и именувања и донесува деловник за својата работа.

1. Постапка за верификација на мандатите на пратениците

Член 16

Седницата на Соборот на која се врши верификација на мандатите на новоизбраните пратеници, конституирање и организирање работата на Соборот, ја свикува претседателот на Соборот.

Член 17

Мандатите на новоизбраните членови на Соборот ги верифицира Соборот врз основа на извештајот од Мандатно-имунитетната комисија на Соборот.

Член 18

Мандатно-имунитетната комисија се состои од претседател и шест членови што се избираат од редот на членовите на Соборот.

Претседателот и членовите на Комисијата се избираат на четири години, ако пред тоа не им истекува мандатот.

Претседателот и членовите на Комисијата на кои им истекол мандатот, ја вршат својата функција до изборот на нов претседател односно членови на Комисијата.

Седниците на Комисијата ги свикува претседателот на Комисијата.

Мандатно-имунитетната комисија ги испитува пратеничките уверенија и други изборни документи и врз основа на нив и извештаите од Сојузната изборна комисија како и евентуално примените жалби против одделни избори, ја испитува правилноста на изборите и за тоа му поднесува извештај на Соборот.

Извештајот од Мандатно-имунитетната комисија им се става на увид на сите членови на Соборот до почетокот на седницата на која ќе се врши верификација на мандатите на пратениците.

Член 19

Соборот го претресува извештајот на Мандатно-имунитетната комисија во целина.

Гласањето се врши за извештајот во целина. Доколку Комисијата оспори некој мандат, прво се гласа во целина за сите неоспорени мандати, а потоа одвоено за секој оспорен мандат.

Член 20

Соборот може да ја оспори верификацијата на одделен мандат и да заклучи да се изврши потребна проверка на исправноста на мандатот.

За верификацијата на оспорениот мандат мора конечно да се реши во рок од два месеца.

Пратеник чиј мандат е оспорен има право да присуствува на седниците на Соборот и да учествува во неговата работа без право на одлучување.

Член 21

По одлуката на Соборот за верификација на мандатите претседателот на Соборот ги повикува сите новоизбрани членови на Соборот на кои им е верифициран мандатот да дадат свечена изјава.

Текстот на свечената изјава го чита секретарот на Соборот.

По читањето, членовите на Соборот го потпишуваат текстот на свечената изјава и му го предаваат на секретарот на Соборот.

Член 22

Член на Соборот на кој му е верифициран мандатот, а кој не бил присутен при давањето на свечената изјава, ќе го потпише нејзиниот текст пред претседателот на Соборот, кој ќе го извести за тоа Соборот на првата наредна седница на Соборот.

Член 23

Членовите на Соборот избрани на повторни или дополнителни избори, по верификацијата на нивните мандати, ја даваат свечената изјава на начинот предвиден со членот 21 од овој деловник.

2. Претседател на Соборот

Член 24

Соборот има претседател, кој се избира од редот на членовите на Соборот на четири години, ако не му истекува мандатот пред тоа.

Претседателот на Соборот ја организира работата на Соборот, ги свикува седниците на Соборот и претседава на нив, дава иницијатива одделни прашања од делокругот на Соборот да се претресат на седница на Соборот и на седници на неговите работни тела; ја поттикнува соработката и ја усогласува работата на Соборот со работните тела на Соборот; соработува со претседателите на другите собори заради меѓусебно усогласување на работата, се грижи за организирањето на соработка на Соборот со работните и други организации и органи.

Претседателот се грижи за остварувањето на програмата за работа на Соборот и за спроведувањето во живот на неговите заклучоци; за применувањето на Деловникот на Соборите; за спроведувањето на начелото за јавност во работата на Соборот и неговите тела; и за остварувањето на правата и должностите на членовите на Соборот, утврдени со Уставот, Деловникот на Сојузната скупштина и со овој деловник и врши други работи предвидени со овој деловник.

Член 25

Претседателот на Соборот има право да им предложи на одборите и на другите работни тела на Соборот разгледување на одделни прашања од делокругот на Соборот и да учествува во разгледувањето на сите прашања што се на дневен ред на седниците на тие тела.

Член 26

Соборот има потпретседател, кој се избира од редот на членовите на Соборот на четири години, ако не му истекува мандатот пред тоа.

Потпретседателот на Соборот му помага на претседателот на Соборот во работата и во договор со него врши определени работи од неговиот делокруг.

Потпретседателот на Соборот го заменува претседателот на Соборот во случај на негова отсутност или подолга спреченост.

Член 27

Соборот има секретар.

Секретарот на Соборот му помага на претседателот на Соборот во подготвувањето и организирањето на седниците на Соборот и дава стручни мислења за прашањата од делокругот на Соборот, ја организира стручната работа за потребите на Соборот и неговите работни тела и ја раководи таа работа; обезбедува стручни и документациони материјали потребни за работата на Соборот и неговите рабони тела, и врши други работи што ќе му ги довери Соборот и претседателот на Соборот во согласност со одредбите од овој деловник.

3. Одбори и други работни тела на Соборот

Член 28

За проучување на прашањата и за утврдување на состојбите во областите од својот делокруг, за проучување на предлозите за донесување закони, за проучување на нацртите и предлозите на закони и други акти на Сојузната скупштина, за подготву-

вање претреси на одделни прашања од делокругот на Соборот на седниците на Соборот, како и за проучување други прашања од својот делокруг, Соборот може да образува одбори и комисии на Соборот.

Одборите и комисиите на Соборот се образуваат со одлука на Соборот со која се утврдуваат и нивниот состав и задачи.

Одборите и комисиите на Соборот можат, во извршувањето на задачите заради кои се образувани, да поведуваат претресување на одделни прашања на седница на Соборот.

Со цел за извршување на своите задачи одборите и комисиите на Соборот можат да консултираат работни организации и заедници од областите што се во делокругот на Соборот, особено при спроведувањето на анкети и проучувањето на предлозите што му се упатени на Соборот на разгледување.

Одборите и комисиите на Соборот, следејќи ги во рамките на својот делокруг движењата и појавите во определена област на општествениот живот, ѝ укажуваат за нив на Комисијата за општествен надзор ако сметаат за потребно дека тие појави треба да се разгледаат и од гледиштето на општественист надзор.

Член 29

Одборите и комисиите на Соборот ги остварува ат своите задачи самостојно или во соработка со одделни организации, органи и научни, стручни и други институции, како и со работни тела на други собори земајќи ги предвид нивните мислења и за тоа го известуваат Соборот.

Извештаите на одборите и комисиите ги содржат сите изнесени мислења и забележени проблеми по прашањата што ги разгледувале и сите можности што доаѓаат предвид за нивното решавање, како и образложенија за заземените ставови.

Одборите и комисиите не мораат да заземаат став по секое прашање.

Член 30

Членовите на одборите на Соборот се избираат од редот на членовите на Соборот.

Член на Соборот може истовремено да биде избиран најмногу во два одбора или комисии на Соборот.

Бројот на членовите на одборите и комисиите на Соборот се утврдува при образувањето на овие тела.

Соборот може, ако се укаже потреба за тоа, поединечно да го дополни односно зголеми бројот на членовите на одделен одбор или комисија на Соборот, како и да разреши од должноста одделен член пред престанокот на работата на односниот одбор или комисија на Соборот на негово барање, на предлог од претседателот на Соборот или на предлог од десет членови на Соборот.

Член 31

Одборите и комисиите на Соборот престануваат со работа со исполнувањето на задачите заради кои се образувани и во други случаи кога ќе одлучи за тоа Соборот, во согласност со одредбите од овој деловник.

Член 32

За проучување на определено прашање од делокругот на Соборот, за подготвување на материјали за претресување на прашања за кои не образувал одбори или комисии, Соборот може да образува работни групи на Соборот.

По исклучок, работни групи на Соборот, помеѓу седниците на Соборот, може да образува и претседателот на Соборот.

Член 33

Членови на комисии и работни групи на Соборот можат да бидат, покрај членовите на Соборот, и членови на други собори, претставници на органите на управата, на работните и други организации и органи, како и научни и стручни и други јавни работници.

4. Постапка во врска со престанокот на мандатот на пратеник

Член 34

Секој со закон, односно со Деловникот на Сојузната скупштина предвиден случај кој се однесува до имунитетното право или кој повлекува престанок на мандатот на одделен член на Соборот, го разгледува Мандатно-имунитетната комисија и за тоа му поднесува извештај на Соборот.

Член 35

Кога Мандатно-имунитетната комисија ќе утврди дека настапил некој од случаите предвидени со закон, односно со Деловникот на Сојузната скупштина кој повлекува престанок на мандатот на одделен член на Соборот, ќе поднесе на првата наредна седница на Соборот извештај за тој случај. Секој таков случај претседателот на Соборот е должен да го внесе во предлогот на дневниот ред на првата наредна седница на Соборот.

Соборот на својата седница, по разгледувањето на извештајот од Мандатно-имунитетната комисија, утврдува дали настапил некој од случаите предвидени во ставот 1 на овој член кој повлекува престанок на мандатот на член на Соборот.

Член 36

Кога Соборот не е собран, Мандатно-имунитетната комисија на Соборот може да даде одобрение за притвор на пратеник и за поведување кривична постапка против пратеник, како и да одлучи дали постапката против него ќе продолжи или ќе се запре, односно дали одлуката на државниот орган за притвор на пратеник се потврдува или се става вон сила, или ќе се воспостави неговото имунитетно право. Одлуката на Мандатно-имунитетната комисија е извршна.

Мандатно-имунитетната комисија е должна за својата одлука да го извести Соборот на првата наредна седница.

По повод извештајот на Мандатно-имунитетната комисија Соборот одлучува дали одлуката на таа комисија се потврдува или се укинува.

IV. СОРАБОТКА НА СОБОРОТ СО РАБОТНИТЕ И ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 37

Во извршувањето на своите задачи Соборот и неговите работни тела развиваат разновидни форми на соработка со работните и други организации и заедници од областите што спаѓаат во делокругот на Соборот, со општествено-политичките заедници, со научни, стручни и други јавни работници, како и со соодветните органи на управата.

Соборот може да повикува претставници на органите и организациите од ставот 1 на овој член за да ги изложат своите мислења и ставови за определени прашања на седница на Соборот или неговите работни тела.

Член 38

Соборот и неговите работни тела можат во текот на постапката за донесување закони и други акти од делокругот на Соборот, како и при разгледување на други прашања, да бараат мислења и предлози од одделни соодветни работни и други организации и заедници од областите што се во делокругот на Соборот.

Кога Соборот или некое од неговите работни тела бара мислење за одделно прашање од организациите и заедниците од ставот 1 на овој член, овие можат, по договор со претседател на Соборот, односно со претседателот на работното тело, преку свои претставници на седница на Соборот или неговите работни тела усно да го изложат своето мислење.

V. ДЕЛОВЕН РЕД НА СЕДНИЦИТЕ НА СОБОРОТ И НЕГОВИТЕ РАБОТНИ ТЕЛА

Член 39

Работата на Соборот, претресувањето на прашањата од неговиот делокруг и одлучувањето за нив се одвива на седниците на Соборот.

Соборот може, во спогодба со еден или со повеќе собори на Сојузната скупштина, да одлучи на заедничка седница да се претресуваат прашањата од заеднички интерес за тие собори, и за овие прашања да донесуваат заедничка препорака.

За донесувањето на ваква препорака Соборот гласа одвоено.

Член 40

Соборот донесува одлуки со гласање на членовите на Соборот присутни на седниците.

Кога на заедничка седница на два или повеќе собори одлучат да гласаат, членовите на Соборот гласаат одвоено, на начинот утврден со овој деловник.

1. Свикување на седниците

Член 41

Седниците на Соборот ги свикува претседателот на Соборот по своја иницијатива.

Претседателот на Соборот е должен да свика седница и врз основа на заклучок од Соборот, на предлог од претседателот на Сојузната скупштина или од претседателот на Сојузниот извршен совет, на барање на еден одбор или комисија на Соборот, или на барање на десет членови на Соборот.

Ако претседателот не ја свика седницата на Соборот најдоцна за 30 дена од истакнувањето на барањето, Соборот ќе се состане на покана од претседателот на Сојузната скупштина.

Член 42

Поканата за седница на Соборот мора да им биде упатена во пишана форма на сите членови на Соборот најдоцна на 8 дена пред денот определен за одржување на седницата.

Кон поканата за седница на членовите на Соборот задолжително им се доставуваат предлогот на дневниот ред и соодветниот материјал за прашањата што се предлагаат за дневен ред, како и записникот од претходната седница, ако тие материјали порано не им се доставени.

По исклучок, во итни и оправдани случаи, претседателот на Соборот може да свика седница на Соборот и во рок пократок од 8 дена, а дневниот ред за ваквата седница може да го предложи на самата седница.

2. Дневен ред

Член 43

Дневниот ред на седницата на Соборот го предлага претседателот на Соборот, а го утврдува Соборот на почетокот на седницата.

Член 44

Ако претседателот на Соборот во предлогот на дневниот ред не внесол некое прашање предложено за дневен ред, а предлагачот останува при своето барање, за предлогот одлучува Соборот на седница без претес.

Член 45

Предлог за внесување одделни прашања во дневниот ред на седницата на Соборот имаат право да поднесат член на Соборот, одбор и други работни тела на Соборот, друг собор, претседателот на Сојузната скупштина, како и Сојузниот извршен совет.

При составувањето на предлог-дневниот ред претседателот на Соборот ќе ја земе предвид и иницијативата што произлегува од општествено-политички заедници, работни и други организации, сојузни органи на управата, како и од граѓани.

Член 46

Предлозите за внесување одделни прашања во дневниот ред на седницата на Соборот му се поднесуваат на претседателот на Соборот писмено.

Предлози можат да се поднесуваат најдоцна на 8 дена пред свикувањето на седницата на Соборот.

Член 47

Член на Соборот, одборите и комисиите на Соборот, како и претставникот на Сојузниот извршен совет, можат и на седницата на Соборот да предложат да се стави определено прашање на дневен ред, но се должни да ја образложат итноста на предлогот не влегувајќи во содржината на прашањето што треба да се стави на дневен ред.

На седницата најпрво се расправа за итноста на предлогот.

За итноста на предлогот што го ставил еден член на Соборот, Соборот решава ако тој предлог го поддржале најмалку десет членови на Соборот.

Ако се работи за прашања од надлежноста на Сојузниот извршен совет, Соборот пред одлучувањето за таков предлог ќе го сослуша мислењето на претставникот на Сојузниот извршен совет.

Соборот може да одлучи предложеното прашање да се стави на дневен ред на текуштата, или првата идна седница на Соборот.

3. Претседавање и учество на седниците

Член 48

На седниците на Соборот претседава претседателот на Соборот.

Претседателот, во случај на отсутност, го заменува потпретседателот на Соборот.

Ако и потпретседателот е отсутен, на седницата се избира еден од членовите на Соборот кој ќе претседава на седницата. Во тој случај седницата ја отвора член на Соборот најстар по години и претседава на неа до изборот на член на Соборот кој понатаму ќе претседава на седницата.

Член 49

Покрај членовите на Соборот, на седниците на Соборот можат да учествуваат во работата без право на одлучување и членови на други собори.

На седниците на Соборот можат да учествуваат во работата без право на одлучување и членови на Сојузниот извршен совет и претставници од сојузните органи на управата, од органите на општествено-политичките заедници, општествено-политичките, работните и други организации и заедници, научни, стручни и други јавни работници — кога на седницата се повикани заради изнесување свои мислења за определени прашања.

4. Тек на седницата

Член 50

На почетокот на седницата на Соборот претседателот цени дали постои кворум за работа.

Доколку констатира дека не постои кворум одржувањето на седницата се одлага.

Откако ќе ја отвори седницата, претседателот ги прашува членовите на Соборот дали имаат забелешки на записникот од претходната седница. За основаноста на забелешките Соборот одлучува без претрес.

Доколку нема забелешки записникот ќе се завери.

Пред преминувањето на дневниот ред претседателот дава потребни објаснениија во врска со текот на седницата и со други прашања.

Членовите на Соборот можат до преминувањето на дневниот ред да му упатуваат прашања на Сојузниот извршен совет и на функционерите што раководат со сојузни органи на управата.

Во тој дел од седницата им се даваат одговори на поставените прашања на членовите на Соборот.

Членовите на Соборот, во овој дел од седницата, можат на претседателот на Соборот и претседателите на одборите, комисиите и работните групи да им поставуваат прашања што се однесуваат на нивната работа и на работата на телата на кои тие претседаваат

Член 51

По усвојувањето на дневниот ред се преминува на претресот на одделни прашања според утврдениот и усвоен дневен ред.

На седницата се претресува секое прашање што е ставено на дневен ред пред да се одлучи за него, освен ако е со овој деловник предвидено Соборот за определено прашање да одлучува без претрес.

Член 52

Никој не може да зборува на седницата на Соборот пред да побара и добие збор од претседателот.

Пријави за збор се поднесуваат штом ќе започне претресот, а можат да се поднесуваат сé до завршетокот на претресот.

Член 53

Претседателот на Соборот им дава збор на пратениците по редот на пријавувањето.

На пратеник што сака да зборува за повреда на Деловникот или за повреда на утврдениот дневен ред (да даде забелешка на деловниот ред); претседателот му дава збор штом ќе го побара тој.

Претседателот е должен по тој говор да даде објаснение по поглед на повредата на Деловникот односно утврдениот дневен ред.

Ако пратеникот не биде задоволен со објаснението, по такво прашање се решава на седницата без претрес.

Ако пратеникот побара збор за да исправи навод кој според неговото мислење е неточен и кој предизвикал неспогодба или потреба од лично изјаснување (исправка на наводот), претседателот ќе му даде збор штом ќе го заврши говорот оној што ја предизвикал исправката.

Член 54

Претседателот на Соборот го заклучува претресот на одделно прашање кога ќе утврди дека повеќе нема пријавени говорници.

Траењето на излагањето на пратениците и другите учесници на седницата може да се ограничи единствено во исклучителни случаи кога тоа ќе го одлучи Соборот.

Член 55

Претресот на прашања што не бараат донесување одлука и за кои Соборот не сака да одлучува, се завршува со просто или образложено преминување на следната точка од дневниот ред.

Пред заклучувањето на претресот, со преминување на следната точка од дневниот ред, на седницата може со заклучок да се утврди состојбата или да се заземе став во врска со прашањата за кои се водел претресот.

Член 56

Претресот на прашањата од членот 7 на овој деловник може да се заклучи: со донесување декларација, резолуција или препорака.

Кога Соборот самостојно претресува прашање од членот 7 на овој деловник како и други прашања од самостојниот делокруг претресот може да се заврши со усвојување препорака за работа на органите на управата, работните и други самоуправни организации и граѓани или со заклучок со кој се даваат насоки и упатства за работа на работните тела на Соборот.

Со препорака или заклучок на Соборот, можат да се утврдат и обврски на Сојузниот извршен совет и соодветните сојузни органи на управата во поглед подготвувањето на закони и други акти или вршењето на други работи од делокругот на Соборот, како и упатства за работа на стручната служба на Соборот.

Член 57

Претресот на предлозите за донесување закони и други акти, што ги донесува Соборот рамноправно со Сојузниот собор по прашањата од делокругот на Соборот, предвидени во членот 8 на овој деловник, може да се заврши со донесување заклучок за усвојување или за одбивање на предлогот.

Претресот на нацртите на закони и други акти од делокругот на Соборот може да се заврши со усвојување на нацртот во начело или со враќање нацртот до неговиот подносител со заклучок во кој се изнесуваат ставовите и забелешките на нацртот.

Претресот на предлозите на закони и други акти од делокругот на Соборот се завршува со гласање на членовите на Соборот, со кое предлогот се прифаќа или се одбива.

Член 58

Претресот на прашањата што се однесуваат на извршување на закони и други акти и спроведување на политиката и мерките на Сојузната скупштина од делокругот на Соборот, како и претресот на прашањата од заеднички интерес за работните организации и заедници во областите од делокругот на Соборот, може да се заврши со утврдување задачи за понатамошна работа со усвојување соодветни одлуки, препораки односно заклучоци, или со преминување на следната точка од дневниот ред.

Член 59

Претресот на предлог на закон, сојузен општествен план, сојузен буџет, како и на други прашања од надлежноста на друг собор, може да се заврши со давање мислење до надлежниот собор за предлогот или прашањето — ако тие се однесуваат и на областите од делокругот на Соборот или со поднесување амандман на предлогот на закон или друг акт.

Соборот може пред да даде мислење да го упати предлогот на закон или друг акт од ставот 1 на овој член до соодветниот одбор на Соборот на мислење.

Соборот може истовремено да определи еден свој член што мислењето или амандманот на Соборот ќе го образложи на седницата на надлежниот собор.

Член 60

Претресот на извештаите на Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата може да се заврши со донесување одлука или заклучок со кој се утврдуваат задачите и насоките за спроведување на политиката и извршување на законите и другите акти на Сојузната скупштина од делокругот на Соборот.

Во поглед другите односи на Соборот со Сојузниот извршен совет и соодветните сојузни органи на управата, се применуваат непосредно одредбите од Деловникот на Сојузната скупштина.

5. Одржување на редот на седницата на Соборот

Член 61

Претседателот на Соборот се грижи говорникот да не биде попречуван во текот на излагањето.

Говорникот може да зборува само за прашање што е на дневен ред. Ако се оддалечи од дневниот ред, претседателот ќе го повика да се држи кон дневниот ред. Ако говорникот и по втора опомена не ќе се држи кон дневниот ред, претседателот може да му го одземе зборот.

Член 62

За редот на седницата на Соборот се грижи претседателот.

За повреда на редот на седницата можат да се изречат мерките: предупредување, одземање на зборот и отстранување од седницата.

Член 63

Мерката предупредување ќе му се изрече на пратеник кој со своето обносување, упаѓање во зборот на друг говорник или со слична постапка на седницата го нарушува редот и одредбите од овој деловник.

Мерката одземање на зборот ќе му се изрече на пратеник кој со својот говор на седницата го нарушува редот и одредбите од овој деловник а на таа седница веќе двапати е предупреден да се придржува кон редот и одредбите од Деловникот.

Мерките предупредување и одземање на зборот ги изрекува претседателот.

Член 64

Мерката отстранување од седницата ќе се изрече против пратеник кој не сака да постапи по наредба на претседателот кој му го одзел зборот или против пратеник кој на седницата тешко ја навредува Сојузната скупштина и пратениците или употребува изрази што не се во согласност со достоинството на Сојузната скупштина.

Пратеникот може да биде отстранет само од седницата на која го повредил редот.

Мерката отстранување од седница се изрекува на предлог од претседателот или од еден пратеник што ќе го поддржат најмалку десет пратеници, без претрес.

Пратеникот спрема кој се предлага мерката отстранување од седница има право на збор за давање своја одбрана. Неговиот говор не може да трае подолго од пет минути.

Пратеникот спрема кој е изречена мерката отстранување од седница е должен да се отстрани веднаш од салата во која се одржува седницата и не може повеќе да присуствува на седницата од која е отстранет.

Член 65

Ако претседателот со редовни мерки не може да го одржи редот на седницата, ќе нареди краток прекин на седницата.

Член 66

Претседателот може да нареди секој граѓанин што го нарушува редот да се отстрани од салата во која се одржува седницата.

Ако е значително нарушен редот, претседателот може да нареди од салата во која се одржува седницата да се отстранат сите граѓани.

6. Одлучување на седницата

Член 67

Соборот во својот делокруг е самостоен во донесувањето на одлуки.

Соборот може полноважно да одлучува ако на седницата се присутни повеќе од една половина од вкупниот број на членовите на Соборот.

За да установи дали на седницата присуствуваат мнозинството членови на Соборот, претседателот може да определи прозивање по сопствена иницијатива, или на барање на еден член на Соборот.

Член 68

Полноважни се оние одлуки за кои гласало мнозинството од присутните членови на Соборот.

Член 69

Секој член на Соборот има право пред гласањето да го образложи својот глас. Образложението не може да трае подолго од пет минути.

Член 70

Гласањето е, по правило, јавно.

Тајно гласање се врши ако тоа на седницата се одлучи, на предлог од претседателот на Соборот или од еден член на Соборот чиј предлог ќе го поддржат најмалку десет членови на начинот предвиден со чл. 79 и 80 на овој деловник.

Пратениците гласаат на тој начин што се изјаснуваат за предлогот или против него, или се воздржуваат од гласање.

Јавното гласање се врши истовремено — со дигање рака. Во случај на гласање со дигање рака претседателот на Соборот прво ги повикува пратениците да се изјаснат кој е за предлогот, потоа кој е против предлогот и, најпосле, кој се воздржува од гласање.

Член 71

Јавното гласање може да се врши и поименично — со изјаснување.

Поименично гласање се врши кога тоа ќе го определи претседателот на Соборот, ако смета дека е тој потребно со цел за точно утврдување на резултатот од гласањето, или ако тоа го побара еден пратеник чие барање ќе го поддржат најмалку десет пратеници.

Поименичното гласање се врши на тој начин што секој прозван пратеник се изјаснува „за" или „против", или се воздржува од гласање

Кога прозивањето ќе биде завршено, повторно се прозиваат пратениците за кои во списокот не е забележено дека гласале.

Член 72

По завршеното гласање претседателот на Соборот го утврдува резултатот од гласањето и врз основа на тоа објавува дека е предлогот за кој се гласало прифатен или одбиен.

7. Работа на Соборот во постапката за разгледување и донесување на законите и другите акти

Член 73

Разгледувањето и донесувањето на законите и другите прописи и акти на Сојузната скупштина, што ги донесува Соборот рамноправно со Сојузниот собор или самостојно, се врши на начинот утврден со Деловникот на Сојузната скупштина.

Член 74

Соборот донесува свој деловник и врши негови измени и дополненија според постапката за донесување одлука.

Член 75

Соборот ги разгледува статутите на работните и други самоуправни организации во областа од делокругот на Соборот, на следниот начин:

— пред разгледувањето на седницата на Соборот, статутот му се упатува на разгледување на соодветниот одбор или друго работно тело на Соборот;

— одборите или други работни тела на Соборот, што го разгледуваат статутот му поднесуваат на Соборот извештај со мислење за тоа во која мера со статутот се обезбедува остварување на правата на работните луѓе и развој на самоуправувањето и самоуправните односи;

— Соборот повикува на седницата на која ќе се разгледува статутот претставници на работната или друга самоуправна организација чиј статут се разгледува. Тие во текот на седницата можат да бидат повикани да дадат образложение на одделни ставови содржани во статутот;

— Соборот, врз основа на извештајот од одборот или од друго работно тело на Соборот, а по сослушаното образложение на подносителот на статутот, го утврдува и ѝ го доставува своето мислење на работната или друга самоуправна организација чиј статут е разгледуван.

8. Постапка при изборот

а) Избор на претседател и потпретседател на Соборот

Член 76

Предлог на кандидатура за избор на претседател на Соборот поднесува Комисијата на Сојузната скупштина за избор и именувања.

Предлог може да поднесе и група од најмалку десет членови на Соборот.

Предлогот на кандидатура му се поднесува писмено на претседавачот на седницата на Соборот на 24 часа пред почетокот на седницата на која се врши изборот на претседател на Соборот.

Известителот на Комисијата за избор и именувања, односно еден од предлагачите на кандидатурата што ја предложиле група членови на Соборот, на седницата на Соборот го образлага предлогот на кандидатурата.

Член 77

Со спроведувањето на постапката за избор на нов претседател и потпретседател на Соборот раководи дотогашниот претседател на Соборот, а во работата му помага секретарот на Соборот.

Ако е дотогашниот претседател на Соборот отсутен, со спроведувањето на постапката за избор на нов претседател и потпретседател на Соборот раководи дотогашниот потпретседател на Соборот.

Член 78

Изборот на претседател на Соборот се врши, по правило, со јавно гласање.

Јавното гласање се врши со дигање рака. Претседателот на Соборот може да определи, по сопствена иницијатива или ако тоа го побара еден член на Соборот чие барање ќе го поддржат најмалку десет членови, да се гласа со дигање рака поименично.

Изборот на претседател на Соборот се врши со тајно гласање ако тоа го побара еден член на Соборот чиј предлог ќе го поддржат најмалку десет членови.

Ако има повеќе кандидати за избор на претседател на Соборот, гласањето се врши тајно.

Член 79

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња.

На гласачкото ливче мораат да бидат испишани имињата на сите предложени кандидати, и тоа по оној ред по кој му се поднесени предлозите на претседателот на Соборот. Пред секое име на кандидатот мора да има реден број.

На секое гласачко ливче се втиснува печатот на Сојузната скупштина.

Секој член на Соборот добива едно гласачко ливче.

По поделбата на гласачките ливчиња член на Соборот што претседава на седницата го определува времето потребно за пополнување на гласачките ливчиња.

Член 80

Член на Соборот гласа „за" на тој начин што го заокружува редниот број пред името на кандидатот за кој гласа.

Член 81

По завршеното гласање се врши пребројување и преглед на гласачките ливчиња заради утврдување резултатот од гласањето. Ако се појави разлика помеѓу бројот на поделените и предадените гласачки ливчиња, резултатот од гласањето се утврдува врз основа на предадените гласачки ливчиња.

Член 82

Резултатот од гласањето го објавува претседателот на Соборот.

Претседателот на Соборот објавува колку вкупно членови гласале, колку од тоа за одделен кандидат и колку има неважечки гласачки ливчиња.

Член 83

За претседател на Соборот е избран кандидатот што добил мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на Соборот.

Ако ниеден кандидат не го добие потребното мнозинство, повторно се гласа за порано предложените кандидати, доколку предлог-кандидатурата не е повлечена, како и за новите кандидати што ќе бидат дополнително предложени.

Член 84

Изборот на потпретседател на Соборот се врши непосредно по изборот на претседателот на Соборот по истата постапка како и изборот на претседател на Соборот.

Член 85

Претседателот и потпретседателот на Соборот се избираат на четири години, ако пред тоа не им истекува мандатот.

Претседателот и потпретседателот на Соборот на кои им истекува мандатот ја вршат својата функција до изборот на нов претседател односно потпретседател на Соборот.

Член 86

Одредбите од овој деловник што се однесуваат на постапката при изборот на претседател односно потпретседател на Соборот согласно се применуваат и во постапката за нивното разрешување од тие должности.

б) Избор на одбори и други работни тела на Соборот

Член 87

Предлог за избор на претседател и членови на одделни одбори може, на седница на Соборот, да поднесе претседателот на Соборот или група од најмалку десет членови на Соборот.

Предлозите се поднесуваат по пат на кандидатски листи. Секоја кандидатска листа содржи онолку кандидати колку што се избираат членови на одборот.

На седницата на Соборот се гласа за поднесените листи во целина, по оној ред по кој се предложени.

Член 88

Изборот на претседател и членови на одборите се врши со јавно гласање.

Гласањето се врши со дигање рака откако претседателот ќе ги повика членовите на Соборот да се изјаснат за предлогот.

Член 89

Тајно гласање се врши ако тоа го побара еден член на Соборот чиј предлог ќе го поддржат најмалку десет членови.

Тајното гласање се врши по постапката и на начинот предвиден за изборот на претседател на Соборот.

Член 90

Во поглед на изборот на членови на комисии и работни групи на Соборот, согласно се применуваат одредбите од овој деловник што се однесуваат на изборот на членови на одбори на Соборот.

Доколку претседателот на Соборот, врз основа на овластувањето од членот 32 став 2 на овој деловник ќе образува работна група, тој е должен на првата наредна седница да побара согласност на Соборот за образувањето на работната група.

Оваа согласност се дава со јавно гласање за предлогот на претседателот на Соборот во кој се наведуваат причините за образување на односната работна група.

9. Работа во работните тела на Соборот

Член 91

Одборите на Соборот работат врз основа на своите програми за работа, а во рамките и врз основа на задачите што ги добиле од Соборот.

Иницијатива за внесување одделни прашања во програмата за работа на одборите можат да дадат преку претседателот на Соборот и други собори, како и одборите и други работни тела на Сојузната скупштина и другите собори, Сојузниот извршен совет, сојузните органи на управата, како и општествено-политичките, работните и други самоуправни организации и граѓани.

Член 92

Одборите на Соборот работат на седници.

Седниците на одборите на Соборот ги свикува претседателот на одбор по сопствена иницијатива или по заклучок од одборот.

Претседателот на одборот е должен да свика седница на одборот кога тоа го бара претседателот на Соборот, како и кога тоа ќе го предложат една третина членови на одборот со наведување на прашањето што треба да се стави на дневен ред на седницата.

Ако претседателот на одборот не ја свика седницата кога е должен да го стори тоа, седницата ќе ја свика претседателот на Соборот.

Член 93

На седниците на одборите на Соборот претседава претседателот на одбор.

Претседателот во случај на отсутност го заменува член на одборот што одборот ќе го избере за заменик претседател на одборот.

Во времето помеѓу две седници на одборот ако се укаже потреба за тоа претседателот на Соборот може, во случај на спреченост на претседателот на одборот и на заменик-претседателот на одборот, да определи еден од членовите на одборот што ќе го заменува отсутниот претседател и заменикот до наредната седница на одборот.

Член 94

Претседателот на одборот на Соборот ја организира работата на одборот.

Претседателот дава иницијатива за разгледување одделни прашања, се грижи за известувањето на членовите на одборот и соработува со претседателот на Соборот и со претседателите на одборите и другите работни тела на Сојузната скупштина и на соборите, како и со сојузните органи на упавата и со претставниците на заинтересираните органи и организации во подготвувањето и проучувањето на прашањата што ќе се разгледуваат на седницата на одборот.

Претседателот се грижи за спроведувањето на заклучоците на одборот. За својата работа во одборот претседателот и членовите на одборот се одговорни пред Соборот.

Член 95

На седниците на одборот имаат право да присуствуваат и да учествуваат во неговата работа и други членови на Соборот.

Членовите на другите собори на Сојузната скупштина имаат право да присуствуваат на седниците на одборот на Соборот а со одобрение од одборот можат да учествуваат и во неговата работа.

Член 96

Предлог-дневниот ред на седницата на одборот го составува претседателот на одборот.

Предлог за внесување одделни прашања во дневниот ред на седницата на одборот, во рамките на програмата за работа на Соборот, има право да поднесе секој член на одборот, како и одборите и другите работни тела на Соборот за што одлучува одборот.

Одборот е должен да го внесе во дневниот ред на својата седница секое прашање за кое тоа ќе го побара Соборот или претседателот на Соборот.

Дневниот ред на седницата на одборот се утврдува на седницата на одборот.

Член 97

За проучувањето или разгледувањето на определено прашање одборот му поднесува на Соборот писмен извештај, кој, по правило, им се доставува на членовите на Соборот на 8 дена пред почетокот на седницата на Соборот на која ќе се претресува односното прашање.

Во договор со претседателот на Соборот може извештајот да се поднесе и усно на седницата на Соборот.

Член 98

Одборот може да донесува заклучоци во поглед на својата работа.

Кога се појавува како предлагач на закон или друг акт од делокругот на Соборот, одборот донесува заклучоци со мнозинство гласови од сите членови на одборот.

Одборот не може да донесува одлуки и заклучоци од името на Соборот

Член 99

Ако е на седницата на одборот заклучено да му се достави на Соборот на разгледување предлог за донесување закон или друг акт од делокругот на Соборот, нацрт или предлог на закон односно друг акт, или ако одборот смета дека за ставовите заземени по определено прашање треба да го извести Соборот, претседателот на одборот ќе му предложи на претседателот на Соборот тоа прашање односно предлог да го стави на дневен ред на седницата на Соборот. Доколку се прифати предлогот одборот може да определи свој претставник кој на седницата на Соборот ќе даде образложение во врска со поднесените предлози односно со прашањата или ставовите на одборот.

Член 100

Прашањата што се од интерес за два или повеќе одбори на Соборот одборите ги разгледуваат, по правило, на заедничка седница.

Член 101

Работата на одборите на Соборот ја усогласува претседателот на Соборот во договор со претседателите на одборите.

Член 102

Во поглед на начинот на работата на комисиите и работните групи на Соборот, согласно се применуваат одредбите од овој деловник за работата на одборите на Соборот.

Работните тела на Соборот можат да донесуваат деловници за својата работа.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 103

Одредбите од овој деловник што се однесуваат на сојузните органи на управата важат и за сојузните совети и сојузните организации во смисла на Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации, а одредбите што се однесуваат на функционерите што раководат со сојузни органи на управата важат и за колегијалните тела и претставниците односно старешините што ја раководат работата на тие совети односно организации.

Одредбите од овој деловник што се однесуваат на сојузните органи на управата и функционерите што раководат со тие органи согласно се применуваат и на работните и други организации односно раководителите на тие организации, во поглед вршењето на управните и други определени работи од интерес за федерацијата и вршењето на јавните овластувања, што им е со закон доверено.

Член 104

Со денот на влегувањето во сила на овој деловник престанува да важи Одлуката за привременот деловен ред на Просветно-културниот собор на Сојузната скупштина („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/63).

Член 105

Овој деловник влегува во сила со денот на усвојувањето на седницата на Соборот.

АС бр. 810
12 мај 1967 година
Белград

Просветно-културен собор на Сојузната скупштина

Претседател.
Ѓуро Кладарин, с. р.

381.

Врз основа на членот 186 став 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Социјално-здравствениот собор на Сојузната скупштина, на седницата од 11 мај 1967 година, донесе

ДЕЛОВНИК
НА СОЦИЈАЛНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

I. УВОДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Организацијата на Социјално-здравствениот собор на Сојузната скупштина (во понатамошниот текст: Соборот) и правилата за неговата работа се утврдуваат со Деловникот на Сојузната скупштина и со овој деловник.

Член 2

Деловникот на Соборот содржи одредби: за делокругот на Соборот; за постапката за верификација и престанок на мандатот на пратениците; за образувањето и задачите на одборите и другите работни тела на Соборот; за правата и должностите на претседателот и потпретседателот на Соборот.

Со деловникот на Соборот се утврдуваат формите на соработка на Соборот и неговите работни тела со работните и други организации и со работните заедници во областа на трудот — од делокругот на Соборот.

Со деловникот на Соборот се утврдува начинот на работата на Соборот и на неговите работни тела

Член 3

Соборот ги врши работите од надлежноста на Сојузната скупштина, во рамките на делокругот утврден со Уставот и со Деловникот на Сојузната скупштина, рамноправно со Сојузниот собор

Определените работи на Сојузната скупштина, утврдени со Уставот и Деловникот на Сојузната скупштина, Соборот ги врши самостојно.

Член 4

Одборите и други работни тела на Соборот, што се образуваат за вршење определени работи и задачи од делокругот на Соборот, работат врз основа на овој деловник.

Член 5

Во прашањата од заеднички интерес Соборот и неговите работни тела соработуваат со соборите и другите работни тела на Сојузната скупштина и на другите собори, во согласност со одредбите од Деловникот на Сојузната скупштина.

Соборот соработува со соодветните собори на републичките собранија. Во остварувањето на таа соработка Соборот ги консултира соодветните собори, воспоставувајќи со нив заемна размена на мислења и развива други форми на соработка по прашањата од заеднички интерес, и при одлучувањето за тие прашања ги зема предвид нивните мислења и предлози.

Соборот остварува разни форми на соработка со работните и други организации и со работните заедници во областа на трудот — од делокругот на Соборот, на начинот утврден со овој деловник.

Член 6

Работата на Соборот и неговите работни тела е јавна.

Известувањето на јавноста за работата на Соборот и на неговите работни тела се врши на начин утврден со Деловникот на Сојузната скупштина.

II. ДЕЛОКРУГ НА СОБОРОТ

Член 7

Врз основа на Уставот и Деловникот на Сојузната скупштина Соборот, рамноправно со Сојузниот собор, претресува прашања од областа на социјалната и здравствената политика, како што се: општите прашања од организацијата и функционирањето на социјалните и здравствените служби и социјалното осигурување; прашања на самоуправувањето и економските односи во работните организации од областа на социјалната и здравствената заштита; прашањата за усогласување работата на здравствените служби и службата на социјалното осигурување и за обезбедување средства за развој на овие служби; заштитата на семејството; проблемите од социјалната и здравствената заштита и заштитата при работата, социјалната заштита на борците и воените инвалиди; прашањата за состојбата на кадрите и потребите од кадри во овие области; други прашања од општ интерес за работните луѓе и работните заедници од областа на здравството, социјалното осигурување и другите области на социјалната политика.

Соборот може и самостојно да разгледува прашања што ги претресува рамноправно со Сојузниот собор, заради утврдување на состојбата и поведување иницијатива за решавање на тие прашања, како и заради предлагање да се донесат одделни акти.

Член 8

Врз основа на Уставот и Деловникот на Сојузната скупштина Соборот, заедно со Сојузниот собор, донесува закони, дава автентични толкувања на закони и донесува други акти со кои се уредуваат прашањата на здравствената заштита, надзорот над прометот на лекови и надзорот над производството и прометот на опојни дроги и отрови; социјалното осигурување; заштитата на борците и воените инвалиди; заштитата при работата; старателството; други прашања од интерес за работните луѓе и работните заедници од областа на здравството, социјалното осигурување и другите области на социјалната политика.

Член 9

Заради поведување иницијатива, заземање ставови и пронаоѓање најцелесообразни решенија во разгледувањето на прашањата од социјално-здравствената област, Соборот ја следи состојбата, врши размена на мислења и остварува други форми на соработка со работните и други самоуправни организации и други работни заедници, како и со општественополитичките организации и здруженијата чија дејност се однесува на прашањата од таа област.

Соборот посебно ги следи појавите во врска со развојот на општественото самоуправување и самоуправните односи и претресува други прашања од заеднички интерес за работните и други организации и за работните заедници од областа на трудот во делокругот на Соборот.

Член 10

Во врска со заземањето на ставови и донесувањето на акти и мерки по прашањата од делокругот на Соборот, Соборот ги прифаќа иницијативите и

ги разгледува предлозите што ги поведуваат односно поднесуваат членовите и работните тела на Соборот по барање на работните и други организации и работните заедници од областа на трудот во делокругот на Соборот, или што тие организации и работни заедници непосредно ги поставуваат и бараат заземање ставови по нив.

Член 11

Соборот самостојно ги претресува прашањата во врска со извршувањето на сојузните закони и другите акти на Сојузната скупштина од делокругот на Соборот и другите прашања од заеднички интерес за работните и други самоуправни организации и за работните заедници во областа на трудот — од делокругот на Соборот, заради усогласување нивните меѓусебни односи и остварување соработка, размена на мислења и пронаоѓање најцелесообразни решенија на заедничките проблеми.

По прашањата од ставот 1 на овој член Соборот може да им дава препораки на соодветните самоуправни организации, работни заедници и државни органи

Член 12

Соборот самостојно ги разгледува статутите на работните и други самоуправни организации во областа на трудот — од делокругот на Соборот, за кои е со закон предвидено да ѝ се поднесуваат на разгледување на Сојузната скупштина.

Член 13

Соборот донесува програма за својата работа.

При изработката на програмата за својата работа Соборот ги зема предвид предлозите од членовите на Соборот, програмите за работа од своите одбори и други работни тела на Соборот, програмите за работа од другите собори на Сојузната скупштина, од Сојузниот извршен совет, од сојузните органи на управата и нивните предлози, како и предлозите од општествено-политичките заедници и општествено-политичките, работните и други организации.

Пред усвојувањето, програмата за работа на Соборот му се доставува на разгледување на претседателството на Сојузната скупштина.

III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОБОРОТ

Член 14

Соборот самостојно се конституира и се организира, и за таа цел врши верификација на мандатите и одлучува за мандатно-имунитетните прашања на своите членови; ги утврдува задачите и овластувањата на претседателот и потпретседателот на Соборот; образува одбори и други работни тела на Соборот и ги утврдува нивните задачи.

1. Постапка за верификација на мандатите на пратениците

Член 15

Верификацијата на мандатите на новоизбраните членови на Соборот ја врши Соборот на предлог од Мандатно-имунитетната комисија на Соборот.

Член 16

Мандатно-имунитетната комисија, врз основа на извештајот од Сојузната изборна комисија и други изборни списи, како и евентуално применените жалби на одделни избори, ја испитува правилноста на изборите и за најдената состојба му поднесува на Соборот свој извештај.

Извештајот на Комисијата им се става на располагање на сите членови на Соборот до почетокот на седницата на која ќе се врши верификација на мандатите на пратениците.

Член 17

Соборот го претресува извештајот на Комисијата во целина.

Гласањето се врши за извештајот во целина, ако Комисијата не одбила ниеден мандат. Ако Комисијата оспори некој мандат, прво се гласа во целина за сите неоспорени мандати, а потоа одвоено за секој оспорен мандат.

Член 18

Соборот може да одбие верификација на одделен мандат и да заклучи претходно да се извршат потребни извиди. За верификацијата на оспорениот мандат мора конечно да се реши во рок од два месеца.

Член 19

Пратеник чиј мандат е одбиен има право да присуствува на седниците на Соборот и да учествува во работата без право на одлучување.

Член 20

По одлуката на Соборот за верификација на мандатот претседателот на Соборот ќе ги повика сите новоизбрани членови на Соборот на кои им е верифициран мандатот да дадат свечена изјава.

Свечената изјава ја чита секретарот на Соборот, а одделен член на Соборот го потпишува текстот на свечената изјава посебно напишан за секој член на Соборот.

Член 21

Член на Соборот на кој му е верифициран мандатот, а кој не бил присутен при давањето на свечената изјава, ќе го потпише нејзиниот текст пред претседателот на Соборот.

На ист начин даваат свечена изјава и членовите на Соборот избрани на повторни или други избори, по верификацијата на нивните мандати.

2. Претседател на Соборот

Член 22

Соборот има претседател.

Претседателот ја организира работата на Соборот; ги свикува седниците на Соборот и претседава на нив; поведува иницијатива за претресување одделни прашања од делокругот на Соборот на седница на Соборот и на седниците на неговите работни тела; се грижи за усогласувањето работата на Соборот и одборите и другите работни тела на Соборот; соработува со претседателите на другите собори заради усогласување работата на Соборот со работата на другите собори; се грижи за организирањето на соработка на Соборот со општествено-политичките, работните и други самоуправни организации.

Претседателот посебно се грижи за применувањето на Деловникот на Соборот и дава толкување на неговите одредби; за спроведувањето на начелото за јавност во работата на Соборот и неговите тела; и за остварувањето на правата и должностите на членовите на Соборот утврдени со Уставот, Деловникот на Сојузната скупштина и со овој деловник.

Претседателот на Соборот го претставува Соборот

Член 23

Претседателот на Соборот има право да им предложи на одборите и да другите работни тела на Соборот расправање на одделни прашања од делокругот на Соборот и да учествува во претресувањето на сите прашања што се на дневен ред на седницата на тие тела.

Член 24

Соборот има потпретседател, кој му помага на претседателот на Соборот во работата и врши, во договор со него, определени работи што овој ќе му ги довери.

Во случај на отсутност или подолга спреченост, претседателот на Соборот го заменува потпретседателот.

Член 25

Соборот има секретар.

Секретарот на Соборот му помага на претседателот на Соборот во подготвувањето и одржувањето на седниците на Соборот и дава, на барање од претседателот, стручни мислења за прашањата од делокругот на Соборот; ја организира стручната работа за потребите на Соборот и неговите работни

тела и ја раководи таа работа; обезбедува стручна и документирана обработка на прашањата и материјалите потребни за работата на Соборот и неговите работни тела; и врши други работи што ќе му ги довери претседателот на Соборот.

Соборот го именува и го разрешува секретарот на Соборот на предлог од Комисијата за избор и именувања на Сојузната скупштина.

3. Одбори и други работни тела на Соборот

Член 26

За проучување на предлозите за донесување закони, за проучување на нацртите и предлозите на закони и други акти на Сојузната скупштина и за претресување на прашањата од својот делокруг Соборот може да образува одбори како работни тела на Соборот.

Со одлука на Соборот се образуваат одделни одбори и се утврдуваат нивните задачи.

Член 27

Членовите на одборите се избираат од редот на членовите на Соборот.

Бројот на членовите на одделен одбор се утврдува при образувањето на одборот.

Соборот може, кога ќе се укаже потреба за тоа, поединечно да го дополни или прошири бројот на членовите на одделен одбор, како и да разреши од должност одделен член на одборот пред престанокот на работата на одборот чиј член е тој.

Член 28

Одделен одбор престанува со работа со исполнувањето на задачата заради која е образуван одборот, и во други случаи кога ќе одлучи Соборот за тоа

Со одлука на Соборот се утврдува престанокот на работата на одделен одбор.

Член 29

Одбор на Соборот се образува заради:

1) проучување предлози за донесување закони, проучување нацрти и предлози на закони и други акти од делокругот на Соборот, и поднесување на Соборот извештаи што содржат мислење и предлози;

2) претресување на прашањата предвидени со програмата за работа на Соборот и други прашања од делокругот на Соборот, и поднесување на Соборот извештај кој содржи мислење и предлози во врска со тие прашања;

3) собирање и обезбедување на податоците потребни за работа и заземање ставови од страна на Соборот, спроведување на анкети и разгледување на предлозите од органите и организациите упатени до Соборот на разгледување и решавање.

Одборите на Соборот можат, во извршувањето на задачите заради кои се образувани, да поведуваат претресување на одделни прашања на седница на Соборот — по сопствена иницијатива или на барање од претседателот на Соборот.

Член 30

Соборот има Мандатно-имунитетна комисија.

Мандатно-имунитетната комисија:

1) ги испитува пратеничките уверенија, изборните акти и жалбите и му дава предлози на Соборот во поглед на верификацијата на мандатите на членовите на Соборот;

2) му поднесува на Соборот извештаи за престанокот на мандатите на одделни членови на Соборот;

3) ги претресува сите прашања во врска со имунитетното право;

4) дава, кога Соборот не е собран, одобрение за лишување од слобода и за поведување односно продолжување на кривична постапка, и одлучува за воспоставување на имунитетното право на член на Соборот, со дополнителна потврда од Соборот.

Комисијата се состои од претседател и шест членови, што се избираат од редот на членовите на Соборот.

Претседателот и членовите на Комисијата се избираат на четири години, ако пред тој рок не им истекува мандатот.

Претседателот и членовите на Комисијата на кои им истекува мандатот ја вршат функцијата до изборот на нов претседател односно членови на Комисијата.

Член 31

Заради проучување определено прашање од делокругот на Соборот или разгледување на потребата од донесување одделни закони и други акти по прашањата од делокругот на Соборот, наведени во членот 9 од овој деловник, како и на други прашања за кои нема образувано одбори, Соборот може да образува пратенички групи и други работни тела на Соборот.

Пратеничките групи и другите работни тела на Соборот, самостојно или во соработка со одделни органи, организации и научни и други институции, проучуваат определени проблеми и состојби во одделна област и за тоа го известуваат Соборот.

Член 32

Задачите на пратеничките групи и другите работни тела на Соборот ги утврдува Соборот со заклучок при нивното образување

Пратенички групи и други тела на Соборот, помеѓу седниците на Соборот, може да образува и претседателот на Соборот.

Членови на пратенички групи и други работни тела на Соборот можат да бидат, покрај членовите на Соборот, и стручњаци од органите на управата и од други органи и организации, како и научни и други јавни работници.

Член 33

Во поглед на образувањето на пратенички групи и други работни тела на Соборот, како и престанокот на нивната работа, согласно се применуваат одредбите од овој деловник што се однесуваат на одборите на Соборот.

4. Постапка во врска со престанокот на мандатот на пратеник

Член 34

Кога Соборот ќе биде известен за настапување на случај предвиден со закон кој повлекува престанок на мандатот на одделен член на Соборот, се состанува Мандатно-имунитетната комисија за да го испита тој случај и за тоа да му поднесе извештај на Соборот.

Седницата на Комисијата ја свикува претседателот на Комисијата.

Член 35

Кога Мандатно-имунитетната комисија ќе констатира дека настапил некој од случаите предвидени со закон кој повлекува престанок на мандатот на одделен член на Соборот, ќе поднесе на првата наредна седница на Соборот извештај за испитаниот случај.

Претседателот на Соборот е должен во предлогот на дневниот ред за првата наредна седница на Соборот да го внесе извештајот на Комисијата за случајот кој повлекува по себе престанок на мандатот на член на Соборот.

Член 36

Соборот на својата седница, по разгледувањето на извештајот од Мандатно-имунитетната комисија, утврдува дали настапил некој од случаите предвидени со закон кој повлекува престанок на мандатот на член на Соборот.

IV. СОРАБОТКА НА СОБОРОТ СО РАБОТНИТЕ И ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 37

Во извршувањето на своите задачи Соборот развива разновидни форми на соработка со работните и општествено-политичките организации и здруженија.

Член 38

Соборот и неговите работни тела можат при донесувањето на закони и други акти од делокругот на Соборот, како и при разгледувањето на други прашања да бараат мислења и предлози од соодветните работни и општествено-политички организации и здруженија.

Соборот може да повикува претставници на одделни работни, општествено-политички организации и здруженија по определени прашања на седница на Соборот или неговите работни тела да ги изложат своите мислења и ставови, а може и да одлучи заедно со овие претставници да расправи определени начелни прашања од својот делокруг што се однесуваат на состојбата во одделни области на социјалната и здравствената политика, или други општи прашања од интерес за работните луѓе и работните заедници од областа на трудот која е во делокругот на Соборот.

Член 39

Соборот и неговите работни тела можат при донесувањето на закони и други акти од делокругот на Соборот, како и при разгледувањето на други прашања, да бараат мислења и предлози од работните и други самоуправни организации и од работните заедници од областа на трудот која е во делокругот на Соборот.

Кога Соборот или некое од неговите работни тела бара мислење по одделни прашања од организациите и заедниците од ставот 1 на овој член, овие имаат право и преку свои претставници на седница на Соборот или неговите работни тела да го образложат своето мислење.

Член 40

Соборот, како и одборите и други негови работни тела, можат да повикуваат претставници од работни и други самоуправни организации и од работни заедници да учествуваат во работата на седниците на Соборот односно неговите работни тела и да изнесуваат свои мислења по определени прашања од делокругот на Соборот.

Соборот остварува и други форми на соработка со овие организации и заедници.

V. ДЕЛОВЕН РЕД ЗА СЕДНИЦИТЕ НА СОБОРОТ И НЕГОВИТЕ РАБОТНИ ТЕЛА

А. Работа во Соборот

Член 41

Соборот работи и ги претресува прашањата од својот делокруг, по правило, на седници.

Соборот може, во спогодба со еден или со повеќе собори на Сојузната скупштина, да одлучи на заедничка седница да се претресуваат прашања од заеднички интерес за тие собори.

Член 42

Соборот донесува одлука со гласање на членовите на Соборот на седници.

Кога на заедничка седница на два или повеќе собори одлучат да гласаат, членовите на Соборот гласаат одвоено.

1. Свикување на седниците

Член 43

Седниците на Соборот ги свикува претседателот на Соборот по своја иницијатива.

Претседателот на Соборот е должен да свика седница врз основа на заклучок од Соборот, на предлог од претседателот на Сојузната скупштина или од претседателот на Сојузниот извршен совет, на барање од одбор или друго работно тело на Соборот или на барање од десет членови на Соборот, како и во други случаи предвидени со овој деловник.

Ако претседателот не ја свика седницата на Соборот кога е должен да го стори тоа, Соборот ќе се состане на покана од дваесет членови на Соборот или од претседателот на Сојузната скупштина.

Член 44

Поканата за седница на Соборот мора да им биде упатена на сите членови на Соборот најдоцна на осум дена пред денот определен за одржување на седницата.

Кон писмената покана за седница претседателот им доставува на членовите на Соборот предлог на дневен ред и соодветен материјал кон прашањата што се предлагаат за дневен ред, како и записник од претходната седница, ако порано не им биле доставени.

По исклучок, во итни случаи, претседателот може да свика седница на Соборот и во рок пократок од осум дена, а дневниот ред за ваквата седница може да го предложи на самата седница.

Член 45

Дневниот ред на седницата на Соборот го предлага претседателот на Соборот

Предлог за внесување одделни прашања во дневниот ред на седницата на Соборот имаат право да поднесат: член на Соборот, одборите и други работни тела на Соборот, друг собор, претседателот на Сојузната скупштина, како и Сојузниот извршен совет.

При составувањето на предлог-дневниот ред претседателот на Соборот ќе ја земе предвид и иницијативата што произлегува од сојузни органи на управата, органи на општествено-политичките заедници, од општествено-политички, работни и други самоуправни организации како и од граѓани.

Член 46

Предлозите за внесување одделни прашања во дневниот ред на седницата на Соборот му се поднесуваат на претседателот на Соборот.

Предлози не можат да се поднесуваат по денот на свикувањето на седницата на Соборот.

2. Претседавање и учество на седниците

Член 47

На седницата на Соборот претседава претседателот на Соборот.

Претседателот, во случај на отсутност, го заменува потпретседателот на Соборот.

Ако и потпретседателот е отсутен, на седницата се избира еден од членовите на Соборот кој ќе претседава на седницата. Во тој случај седницата ја отвора член на Соборот најстар по години и претседава на неа до изборот на член на Соборот кој понатаму ќе претседава на седницата.

Член 48

Покрај членовите на Соборот, на седниците на Соборот можат да учествуваат без право на одлучување членови на други собори — со одобрение од Соборот.

На седниците на Соборот можат да учествуваат без право на одлучување и членови на Сојузниот извршен совет и претставници на тој Совет што не се пратеници, како и претставници од сојузните органи на управата, од органите на општествено-политичките заедници, општествено-политичките, работните и други самоуправни организации, научни, стручни и други јавни и политички работници — кога на седницата се повикани заради изнесување свои мислења по определени прашања.

3. Тек на седницата

Член 49

На почетокот на седницата на Соборот претседателот цени дали постои кворум за работа.

Откако ќе ја отвори седницата, претседателот ги прашува членовите на Соборот дали имаат забелешки на записникот од претходната седница. За основаноста на забелешките Соборот одлучува без претрес.

Претседателот потоа дава кратки објаснениија во врска со текот на седницата и со други прашања.

Член 50

Членовите на Соборот можат до преминот на дневен ред да му упатуваат прашања на Сојузниот извршен совет и на функционерите што раководат со сојузни органи на управата.

Во тој дел од седницата се даваат одговори на поставените прашања на членовите на Соборот.

Член 51

Дневниот ред на седницата на Соборот се утврдува на предлог од претседателот на Соборот.

Ако претседателот на Соборот во предлогот на дневниот ред не внесол некое прашање предложено за дневен ред, а предлагачот останува при своето барање, за предлогот одлучува Соборот на седницата без претрес.

Член 52

Член на Соборот и претставник на Сојузниот извршен совет можат и на седницата да предложат да се стави определено прашање на дневен ред, но се должни да ја образложат итноста на предлогот не влегувајќи во содржината на прашањето што треба да се стави на дневен ред.

На седницата најпрво се расправа за итноста на предлогот, Соборот расправа за итноста на предлогот што го ставил еден член на Соборот ако неговиот предлог го поддржале најмалку десет членови на Соборот.

Член 53

По усвојувањето на дневниот ред се преминува на претрес на прашањата, според редот утврден во усвоениот дневен ред.

На седницата се претресува секое прашање на дневниот ред пред да се одлучува за него, освен ако со овој деловник е определено Соборот да одлучува без претрес.

Член 54

Секое прашање се претресува додека по него има пријавени говорници.

Претседателот на Соборот го заклучува претресот на одделно прашање кога ќе утврди дека по него нема повеќе пријавени говорници.

Член 55

Претресот на прашања што не бараат донесување одлука и за кои Соборот не сака да одлучува се завршува со просто или образложено преминување на следната точка од дневниот ред.

Пред заклучувањето на претресот со преминување на следната точка од дневниот ред, на седницата може со заклучок да се утврди состојбата или да се заземе став и гледиште во врска со прашањата што се претресувани.

Член 56

Претресот на прашањата од областа на социјалната и здравствената политика од членот 7 став 1 на овој деловник може да се заклучи со просто или образложено преминување на следната точка од дневниот ред, со донесување декларација, резолуција односно препорака, или со заклучок со кој се утврдува состојбата и се заземаат ставови или се даваат насоки и упатства за работа на одборите и другите работни тела на Соборот односно другите надлежни органи по односното прашање

Член 57

Претресот на предлозите за донесување закони и други акти што ги донесува Соборот рамноправно со Сојузниот собор по прашањата од делокругот на Соборот, предвидени во членот 8 на овој деловник, може да се заврши со донесување заклучок за усвојување на предлогот или за одбивање на предлогот.

Претресот на нацртите на закони и други акти од делокругот на Соборот може да се заврши со усвојување на нацртот во начело или со враќање нацртот до неговиот подносител со заклучок во кој се утврдуваат ставовите и забелешките на нацртот.

Претресот на предлозите на закони и други акти од делокругот на Соборот се завршува со гласање на членовите на Соборот, со кое предлогот се прифаќа или се одбива.

Член 58

Претресот на прашањата што се однесуваат на извршување на закони и други акти и спроведување на политиката и мерките на Сојузната скупштина од делокругот на Соборот како и на прашања од заеднички интерес за работните и други самоуправни организации и работните заедници во областа на трудот — од делокругот на Соборот, може да се заврши со утврдување на задачите за натамошна работа, по пат на одлука, препорака односно заклучок, или со преминување на следната точка од дневниот ред.

Член 59

Претресот на извештаите на Сојузниот извршен совет и на функционерите што раководат со сојузни органи на управата може да се заврши со утврдување задачи и насоки за понатамошна работа, како и обврски во поглед спроведувањето на политиката и извршувањето на законите и другите акти на Сојузната скупштина од делокругот на Соборот.

Во поглед на прашањата што се однесуваат на претресот на извештаите на Сојузниот извршен совет и функционерите што раководат со сојузни органи на управата од областа на трудот во делокругот на Соборот се применуваат непосредно одредбите од Деловникот на Сојузната скупштина.

4. Одлучување на седниците

Член 60

Соборот може полноважно да одлучува ако на седницата на Соборот се присутни повеќе од една половина од вкупниот број на членовите на Соборот.

Претседателот може да определи прозивање по сопствена иницијатива ако се посомнева дека на седницата не присуствуваат мнозинството членови на Соборот, или на барање од еден член на Соборот чие барање ќе го поддржат најмалку десет членови.

Член 61

Полноважни се одлуките на Соборот за кои гласало мнозинството од присутните членови на Соборот.

Член 62

Секој член на Соборот има право пред гласањето да го образложи својот глас. Неговото образложение не може да трае подолго од пет минути.

Член 63

Гласањето е, по правило, јавно.

Тајно гласање се врши ако тоа на седницата се одлучи, на предлог од претседателот на Соборот или од еден член на Соборот чиј предлог ќе го поддржат најмалку десет членови.

5. Работа на Соборот во постапката за разгледување и донесување на прописи и акти

Член 64

Разгледувањето и донесувањето на закони и други прописи и акти на Сојузната скупштина, што ги донесува Соборот рамноправно со Сојузниот собор или самостојно, се врши на начинот утврден со Деловникот на Сојузната скупштина.

Член 65

Соборот донесува свој деловник и врши негови измени и дополненија според постапката за донесување одлуки.

Член 66

Соборот ги разгледува статутите на работните и други самоуправни организации во областа на трудот — од делокругот на Соборот, на начинот утврден со овој деловник.

Член 67

Пред неговото разгледување на седница на Соборот, статутот им се доставува на разгледување на надлежните одбори на Соборот.

Одборите на Соборот го разгледуваат статутот и за тоа му поднесуваат на Соборот извештај кој содржи мислење и забелешки во поглед на усогласеноста на одредбите од статутот со Уставот и законите, како и за тоа во која мера со статутот се обезбедува и се овозможува остварување на самоуправните права на работните луѓе и развојот на самоуправувањето.

Извештајот на одборот им се доставува на членовите на Соборот најдоцна на петнаесет дена пред денот определен за одржување на седницата на Соборот на која ќе се разгледува статутот

Член 68

Соборот го повикува на својата седница на која ќе се разгледува статутот претставникот на работната или друга самоуправна организација чиј статут се разгледува, заради објаснување одделни ставови заземени во статутот.

Член 69

Соборот, врз основа на извештајот од одборот, а по сослушаното образложение од подносителот на статутот, го утврдува и ѝ го доставува своето мислење на работната или друга самоуправна организација чиј статут е разгледуван.

6. Посебна постапка при изборот

а) Избор на претседател и потпретседател на Соборот

Член 70

Претседателот и потпретседателот на Соборот се избираат од редот на членовите на Соборот

Член 71

Предлог на кандидатура за избор на претседател на Соборот поднесува Комисијата за избор и именувања на Сојузната скупштина.

Предлог може да поднесе и група од најмалку десет членови на Соборот.

Предлогот на кандидатура му се поднесува писмено на претседателот на Соборот на 24 часа пред почетокот на седницата на која се врши изборот на нов претседател на Соборот.

Известителот на Комисијата за избор и именувања односно еден од предлагачите на кандидатурата што ја предложиле група членови на Соборот имаат право на седницата на Соборот да го образложат предлогот на кандидатурата.

Член 72

Со спроведувањето на изборите за нов претседател на Соборот раководи претседателот на Соборот, на кој во работата му помагаат секретарот и два члена на Соборот избрани на седницата.

Член 73

Изборот на претседател на Соборот се врши по правило, со јавно гласање.

Јавното гласање се врши со дигање рака, ако претседателот на Соборот не определи да се врши поименично, или ако тоа не го побара еден член на Соборот чие барање ќе го поддржат најмалку десет членови.

Јавното гласање за одделни кандидати се врши по оној ред по кој се поднесени предлозите

Член 74

Изборот на претседател на Соборот се врши со тајно гласање ако го побара тоа еден член на Соборот чиј предлог ќе го поддржат најмалку десет членови.

Член 75

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња.

На гласачкото ливче мораат да бидат испишани имињата на сите предложени кандидати, и тоа по оној ред по кој му се поднесени предлозите на претседателот на Соборот. Пред секое име на кандидатот мора да има реден број.

На секое гласачко ливче се втиснува печатот на Сојузната скупштина.

Секој член на Соборот добива едно гласачко ливче.

По поделбата на гласачките ливчиња претседателот на Соборот го определува времето потребно за пополнување на гласачките ливчиња.

Член 76

Член на Соборот гласа „за" на тој начин што го заокружува редниот број пред името на кандидатот за кој гласа.

Член на Соборот може да гласа само за еден кандидат, ако се предложени повеќе кандидати.

Откако ќе го пополни гласачкото ливче членот на Соборот го спушта во гласачката кутија.

Член 77

По завршеното гласање се врши пребројување и преглед на гласачките ливчиња заради утврдување резултатот од гласањето. Ако се појави разлика помеѓу бројот на поделените и предадените гласачки ливчиња, резултатот од гласањето се утврдува врз основа на предадените гласачки ливчиња.

Член 78

Резултатот од гласањето го објавува претседателот на Соборот.

Претседателот на Соборот објавува колку вкупно членови гласале, колку од тоа за одделен кандидат и колку има неважечки гласачки ливчиња.

Член 79

За претседател на Соборот е избран кандидатот што добил мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на Соборот.

Ако ниеден кандидат не го добие потребното мнозинство во повторното гласање се гласа за порано предложените кандидати, ако предлог-кандидатурата не е повлечена, како и за нови кандидати — ако бидат дополнително предложени.

Член 80

Изборот на потпретседател на Соборот се врши по изборот на претседател на Соборот.

Изборот на потпретседател на Соборот се врши по истата постапка како и изборот на претседател на Соборот.

Член 81

Претседателот и потпретседателот на Соборот се избираат на четири години, ако пред тој рок не им истекува мандатот.

Претседателот и потпретседателот на Соборот на кои им истекува мандатот ја вршат функцијата до изборот на нов претседател односно потпретседател.

Член 82

Одредбите од овој деловник што се однесуваат на постапката при изборот на претседател односно потпретседател на Соборот согласно се применуваат и во постапката за нивното разрешување од тие должности.

б) Избор на одбори и други работни тела на Соборот

Член 83

Предлог за избор на претседател и членови на одделен одбор, односно за дополнение на неговиот состав може, на седница на Соборот да поднесе претседателот на Соборот или група од најмалку пет членови на Соборот.

Предлозите се поднесуваат по пат на кандидатски листи. Секоја кандидатска листа содржи онолку кандидати колку што се избираат членови на одборот.

На седницата на Соборот се гласа за поднесените листи во целина, по оној ред по кој се предложени.

Член 84

Изборот на претседател и членови на одборот се врши со јавно гласање.

Гласањето се врши со дигање рака откако претседателот ќе ги повика членовите на Соборот да се изјаснат кој е за предлогот.

Член 85

Тајно гласање се врши ако го побара тоа еден член на Соборот чиј предлог ќе го поддржат најмалку десет членови.

Тајното гласање се врши по постапката и на начинот предвиден за изборот на претседател на Соборот

Член 86

Во поглед на изборот на членови на комисии, пратенички групи и други работни тела на Соборот, согласно се применуваат одредбите од овој деловник што се однесуваат на изборот на членови на одбори на Соборот.

Б. Работа во работните тела на Соборот

Член 87

Одборите на Соборот работат врз основа на своите програми за работа.

При изработката на програмата за работа секој одбор на соборот е должен да ги внесе во неа оние прашања и задачи, предвидени во програмата за работа на Соборот, што се однесуваат на тој одбор.

Член 88

Одборите работат на седници.

Седниците на одборот ги свикува претседателот на одборот по сопствена иницијатива или по заклучок од одборот.

Претседателот е должен да свика седница на одборот кога го бара тоа претседателот на Соборот, како и кога тоа ќе го предложат една третина од членовите на одборот со наведување на прашањето што треба да се стави на дневен ред на седницата.

Ако претседателот на одборот не ја свика седницата кога е должен да го стори тоа, седницата ќе ја свика претседателот на Соборот.

Член 89

На седниците на одборот претседава претседателот на одборот.

Претседателот во случај на отсутност го заменува член на одборот што ќе го избере одборот.

Во времето помеѓу две седници на одборот претседателот на Соборот може, во случај на спреченост на претседателот на одборот, да определи еден од членовите на одборот што ќе го заменува отсутниот претседател до наредната седница на одборот.

Член 90

Претседателот на одборот ја организира работата на одборот.

Претседателот дава иницијатива за претресување одделни прашања, се грижи за известувањето на членовите на одборот и соработува со претседателот на Соборот и со претседателите на одборите и другите работни тела на Сојузната скупштина и на соборите, како и со функционерите што раководат со сојузни органи на управата и со претставниците на заинтересираните органи и организации — по прашањата што ќе се претресуваат на седницата на одборот

Претседателот се грижи за спроведувањето на заклучоците и ставовите на одборот.

Член 91

Членовите на одборот имаат право и должност да присуствуваат на седниците на одборите и да учествуваат во работата на одборот.

За своата работа во одборот претседателот и членовите на одборот се одговорни пред Соборот.

Член 92

На седниците на одборот имаат право да присуствуваат и да учествуваат во неговата работа и други членови на Соборот.

Членовите на други собори на Сојузната скупштина имаат право да присуствуваат на седниците на одборот на Соборот, а со одобрение од одборот можат да учествуваат и во работата на одборот.

Член 93

Предлогот на дневен ред на седницата на одборот го составува претседателот на одборот.

Предлог за внесување одделни прашања во дневниот ред на седницата на одборот има право да поднесе секој член на одборот како и одборите и други работни тела на Соборот.

Одборот е должен да го внесе во дневниот ред на својата седница секое прашање за кое ќе го побара тоа Соборот или претседателот на Соборот.

Иницијатива за внесување одделни прашања во дневниот ред на седницата на одборот може да произлезе и од други собори, како и од одбори и други работни тела на Сојузната скупштина и соборите, од Сојузниот извршен совет, од функционери што раководат со сојузни органи на управата, како и од општествено-политички, работни и други самоуправни организации и од граѓани.

Дневниот ред на седницата на одборот се утврдува на седницата на одборот.

Член 94

Одборот на Соборот не мора да заземе став по секое прашање што е на дневен ред на седницата на одборот.

Одборот може да донесува заклучоци во поглед на својата работа.

Кога се појавува како предлагач на закон или друг акт од делокругот на Соборот, одборот зазема ставови и донесува заклучоци со мнозинство гласови од сите членови на одборот.

Одборот не донесува одлуки.

Член 95

Одборот на Соборот при претресувањето на прашањата од делокругот на Соборот ги зема предвид и мислењата од заинтересираните органи и организации.

По претресувањето на определено прашање одборот му поднесува на Соборот свој извештај кој ги содржи сите изнесени мислења и забележени проблеми на прашањето што е разгледувано и сите можности што доаѓаат предвид за неговото решавање, како и образложение за заземените ставови.

Одборот е должен да проучи определено прашање и да му поднесе на Соборот извештај со мислење и предлози, ако тоа го побара Соборот или претседателот на Соборот при подготвувањето на седница на Соборот.

Член 96

Ако е на седницата на одборот заклучено да му се достави на Соборот на разгледување предлог за донесување закон или друг акт од делокругот на Соборот или предлог на закон односно друг акт или ако одборот смета дека за ставовите заземени по определено прашање треба да го извести Соборот, претседателот на одборот ќе побара од претседателот на Соборот тоа прашање односно предлог да се стави на дневен ред на седницата на Соборот. Одборот истовремено ќе определи свој претставник кој на седницата на Соборот ќе го запознае Соборот со предлозите односно ставовите на одборот.

Член 97

Прашањата што се од интерес за два или повеќе одбори на Соборот тие одбори ги расправаат, по правило, на заедничка седница.

Член 98

Работата на одборите на Соборот ја усогласува претседателот на Соборот во договор со претседателите на одборите.

Член 99

Во поглед на начинот на работата на пратеничките групи и други работни тела на Соборот согласно се применуваат одредбите од овој деловник за работата на одборите на Соборот.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 100

Со денот на влегувањето во сила на овој деловник престанува да важи Одлуката за привременот деловен ред на Социјално-здравствениот собор на Сојузната скупштина („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/63).

Член 101

Овој деловник влегува во сила со денот на усвојувањето на седницата на Соборот.

АС бр. 811
12 мај 1967 година
Белград

Социјално-здравствен собор на Сојузната скупштина

Претседател,
Олга Врабич, с. р.

382.

Врз основа на членот 186 став 2 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Организационо-политичкиот собор на Сојузната скупштина, на седницата од 11 мај 1967 година, донесе

ДЕЛОВНИК
НА ОРГАНИЗАЦИОНО-ПОЛИТИЧКИОТ СОБОР НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

I. УВОДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Организацијата на Организационо-политичкиот собор на Сојузната скупштина (во понатамошниот текст: Соборот) и правилата за неговата работа се утврдуваат со Деловникот на Сојузната скупштина и со овој деловник.

Член 2

Деловникот на Соборот содржи одредби: за делокругот на Соборот; за постапката за верификација и престанок на мандатот на пратениците; за образувањето и задачите на одборите и другите работни тела на Соборот; за правата и должностите на претседателот и потпретседателот на Соборот.

Со Деловникот на Соборот се утврдуваат формите на соработка на Соборот и неговите работни тела со работните и други организации и со работните заедници во областа на трудот — од делокругот на Соборот.

Со Деловникот на Соборот се утврдува начинот на работата на Соборот и на неговите работни тела.

Член 3

Соборот ги врши работите од надлежноста на Сојузната скупштина, во рамките на делокругот утврден со Уставот и со Деловникот на Сојузната скупштина, рамноправно со Сојузниот собор.

Определените работи на Сојузната скупштина, утврдени со Уставот и Деловникот на Сојузната скупштина, Соборот ги врши самостојно.

Член 4

Одборите и други работни тела на Соборот, што се образуваат за вршење определени работи и задачи од делокругот на Соборот, работат врз основа на овој деловник.

Член 5

Во прашањата од заеднички интерес Соборот и неговите работни тела соработуваат со соборите и другите работни тела на Сојузната скупштина и на другите собори, во согласност со одредбите од Деловникот на Сојузната скупштина.

Соборот соработува со соодветните собори на републичките собранија. Во остварувањето на таа соработка Соборот ги консултира соодветните собори, врши со нив заемна размена на мислења и развива други форми на соработка по прашањата од заеднички интерес, и при одлучувањето за тие прашања ги зема предвид нивните мислења и предлози.

Соборот остварува разни форми на соработка со работните и други организации и со работните заедници во областа на трудот — од делокругот на Соборот, на начинот утврден со овој деловник.

Член 6

Работата на Соборот и неговите работни тела е јавна.

Известувањето на јавноста за работата на Соборот и на неговите работни тела се врши на начинот утврден со Деловникот на Сојузната скупштина.

II. ДЕЛОКРУГ НА СОБОРОТ

Член 7

Врз основа на Уставот и Деловникот на Сојузната скупштина Соборот, рамноправно со Сојузниот собор, претресува прашања на општествено-политичкиот систем, како што се: слободата и правата на човекот и граѓанинот; системот на општественото самоуправување во работните и други самоуправни организации и општествено-политичките заедници; положбата и правата на самоуправувањето на работните луѓе што работат во државни органи, општествено-политички организации и здруженија и други заедници: организацијата и работата на државните органи; состојбата на кадрите и потребата од кадри во државните органи; меѓусебните односи на државните органи, работните организации и општествените организации; други прашања од областа на општествено-политичкиот систем и од други области од надлежноста на Сојузната скупштина, освен прашањата што спаѓаат во рамноправен делокруг на други собори или самостоен делокруг на некој друг собор.

Соборот може и самостојно да разгледува прашања што ги претресува рамноправно со Сојузниот собор, заради утврдување на состојбата и поведување иницијатива за решавање на тие прашања.

Член 8

Врз основа на Уставот и Деловникот на Сојузната скупштина Соборот, заедно со Сојузниот собор, донесува закони, дава автентични толкувања на закони и донесува други акти: за системот на самоуправувањето во работните и други самоуправни организации и општествено-политичките заедници; за општественото планирање; за општествената сопственост; за сопственосните права; за облигационите и други основни имотно-правни односи; за експропријацијата; за наследувањето; за станбените односи: за работните односи; кривичен законик и прописи за извршување на кривичните санкции; за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет, сојузните органи на управата, Уставниот суд на Југославија, судовите од општа надлежност, специјализираните судови, јавното обвинителство и јавното правобранителство; за судските постапки; за општата управна постапка и управните спорови; за избирачкото право; за референдумот; за личниот статус на граѓаните; за бракот и семејството и за посвојувањето; за собирите и други јавни собранија; за здруженијата на граѓани; за печатот и другите видови информации; за организацијата и работата на службите на внатрешните работи, безбедноста на сообраќајот, општественото книговодство, статистиката, евиденцијата и други служби што вршат работи од интерес за целата земја; за адвокатурата и правното застапување; за правната положба на верските заедници; за други прашања што

не спаѓаат во рамноправен делокруг на други собори или во самостоен делокруг на Сојузниот собор.

Соборот, заедно со Сојузниот собор, донесува сојузен буџет и завршна сметка на сојузниот буџет.

Член 9

Заради поведување иницијатива, заземање ставови и пронаоѓање најцелесообразни решенија од гледиштето на општествено-политичкиот систем, Соборот разгледува и претресува прашања од развојот на општественото самоуправување и самоуправните односи во работните и други самоуправни организации и општествено-политичките заедници, остварувањето на слободите и правата на работните луѓе во тие организации и заедници.

Член 10

Соборот посебно ги следи и претресува проблемите во поглед на средствата за работа и нивната распределба, организацијата и самоуправувањето во работните заедници на собранијата на општествено-политичките заедници и политичко-извршните органи, органите на управата, уставните судови, судовите од општа надлежност и специјализираните судови, јавното обвинителство и јавното правобранителство, како и во работните заедници на општествено-политичките организации и здруженија.

Член 11

Соборот самостојно ги претресува прашањата во врска со извршувањето на сојузните закони и другите акти на Сојузната скупштина од делокругот на Соборот и другите прашања од заеднички интерес за работните и други самоуправни организации и за работните заедници во областа на трудот — од делокругот на Соборот, заради усогласување нивните меѓусебни односи и остварување соработка, размена на мислења и пронаоѓање најцелесообразни решенија на заедничките проблеми.

По прашањата од ставот 1 на овој член Соборот може да им дава препораки на соодветните самоуправни организации, работни заедници и државни органи.

Член 12

Соборот самостојно ги разгледува статутите на работните и други самоуправни организации во областа на трудот — од делокругот на Соборот, за кои е со закон предвидено да ѝ се поднесуваат на разгледување на Сојузната скупштина.

Член 13

Соборот донесува програма за својата работа.

При изработката на програмата за работа на Соборот, Соборот ќе ги има предвид особено работите и задачите што произлегуваат од општествениот план и од основите на политиката што ја има утврдено Сојузната скупштина.

При изработката на програмата Соборот ги зема предвид предлозите од членовите на Соборот, програмите за работа од своите одбори и други работни тела на Соборот, програмите за работа од другите собори на Сојузната скупштина, од Сојузниот извршен совет, од сојузните органи на управата и нивните предлози, како и предлозите од општествено-политичките заедници и општествено-политичките, работните и други организации.

Пред усвојувањето програмата за работа на Соборот му се доставува на разгледување на претседателството на Сојузната скупштина.

III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОБОРОТ

Член 14

Соборот самостојно се конституира и се организира, и за таа цел врши верификација на мандатите и одлучува за мандатно-имунитетните прашања на своите членови; ги утврдува задачите и овластувањата на претседателот и потпретседателот на Соборот, образува одбори и други работни тела на Соборот и ги утврдува нивните задачи.

1. Постапка за верификација на мандатите на пратениците

Член 15

Верификацијата на мандатите на новоизбраните членови на Соборот ја врши Соборот на предлог од Мандатно-имунитетната комисија на Соборот.

Член 16

Мандатно-имунитетната комисија, врз основа на извештајот од Сојузната изборна комисија и други изборни списи, како и евентуално примените жалби на одделни избори, ја испитува правилноста на изборите и за најдената состојба му поднесува на Соборот свој извештај.

Извештајот на Комисијата им се става на располагање на сите членови на Соборот до почетокот на седницата на која ќе се врши верификација на мандатите на пратениците.

Член 17

Соборот го претресува извештајот на Комисијата во целина.

Гласањето се врши за извештајот во целина, ако Комисијата не оспорила ниеден мандат. Ако Комисијата оспори некој мандат, прво се гласа во целина за сите неоспорени мандати, а потоа одвоено за секој оспорен мандат.

Член 18

Соборот може да одбие верификација на одделен мандат и да заклучи претходно да се извршат потребни извиди. За верификацијата на оспорениот мандат мора конечно да се реши во рок од два месеца.

Член 19

Пратеник чиј мандат е оспорен има право да присуствува на седниците на Соборот и да учествува во работата без право на одлучување.

Член 20

По одлуката на Соборот за верификација на мандатот претседателот на Соборот ќе ги повика сите новоизбрани членови на Соборот на кои им е верифициран мандатот да дадат свечена изјава.

Свечената изјава ја чита секретарот на Соборот, а одделен член на Соборот го потпишува текстот на свечената изјава посебно напишан за секој член на Соборот.

Член 21

Член на Соборот на кој му е верифициран мандатот, а кој не бил присутен при давањето на свечената изјава, ќе го потпише нејзиниот текст пред претседателот на Соборот.

На ист начин даваат свечена изјава и членовите на Соборот избрани на повторни или дополнителни избори, по верификацијата на нивните мандати.

2. Претседател на Соборот

Член 22

Соборот има претседател.

Претседателот ја организира работата на Соборот; ги свикува седниците на Соборот и претседава на нив; поведува иницијатива за претресување одделни прашања од делокругот на Соборот на седница на Соборот и на седниците на неговите работни тела; се грижи за усогласувањето работата на Соборот и одборите и другите работни тела на Соборот; соработува со претседателите на другите собори заради усогласување работата на Соборот со работата на другите собори; се грижи за организирањето на соработка на Соборот со општествено-политичките, работните и други самоуправни организации.

Претседателот посебно се грижи за применувањето на деловникот на Соборот и дава толкување на неговите одредби; за спроведувањето на начелото за јавност во работата на Соборот и неговите тела; и за остварувањето на правата и должностите на членовите на Соборот, утврдени со Уставот, Деловникот на Сојузната скупштина и со овој деловник.

Претседателот на Соборот го претставува Соборот.

Член 23

Претседателот на Соборот има право да им предложи на одборите и на другите работни тела на Соборот расправање на одделни прашања од делокругот на Соборот и да учествува во претресувањето на сите прашања што се на дневен ред на седниците на тие тела.

Член 24

Соборот има потпретседател, кој му помага на претседателот на Соборот во работата и врши, во договор со него, определени работи што овој ќе му ги довери.

Во случај на отсутност или подолга спреченост, претседателот на Соборот го заменува потпретседателот.

Член 25

Соборот има секретар.

Секретарот на Соборот му помага на претседателот на Соборот во подготвувањето и одржувањето на седниците на Соборот и дава, на барање од претседателот, стручни мислења за прашањата од делокругот на Соборот; ја организира стручната работа за потребите на Соборот и неговите работни тела и ја раководи таа работа; обезбедува стручна и документирана обработка на прашањата и материјалите потребни за работата на Соборот и неговите работни тела; и врши други работи што ќе му ги довери претседателот на Соборот.

Соборот го именува и го разрешува секретарот на Соборот на предлог од Комисијата за избор и именувања.

3. Одбори и други работни тела на Соборот

Член 26

За проучување на предлозите за донесување закони, за проучување на нацртите и предлозите на закони и други акти на Сојузната скупштина и за претресување на прашањата од својот делокруг Соборот може да образува одбори како работни тела на Соборот.

Со одлука на Соборот се образуваат одделни одбори и се утврдуваат нивните задачи.

Член 27

Членовите на одборите се избираат од редот на членовите на Соборот.

Бројот на членовите на одделен одбор се утврдува при образувањето на одборот.

Соборот може, кога ќе се укаже потреба за тоа, поединечно да го дополни или прошири бројот на членовите на одделен одбор, како и да разреши од должност одделен член на одборот пред престанокот на работата на одборот чиј член е тој.

Член 28

Одделен одбор престанува со работа со исполнувањето на задачата заради која е образуван одборот, и во други случаи кога ќе одлучи Соборот за тоа.

Со одлука на Соборот се утврдува престанокот на работата на одделен одбор.

Член 29

Одбори на Соборот се образуваат заради:

1) проучување предлози за донесување закони, проучување нацрти и предлози на закони и други акти од делокругот на Соборот, и поднесување на Соборот извештаи што содржат мислење и предлози;

2) претресување на прашањата предвидени со програмата за работа на Соборот и други прашања од делокругот на Соборот, и поднесување на Соборот извештај кој содржи мислење и предлози по тие прашања;

3) собирање и обезбедување на податоците потребни за работа и заземање ставови од страна на Соборот, спроведување на анкети и разгледување на предлозите од органите и организациите упатени до Соборот на разгледување и решавање.

Одборите на Соборот можат, во извршувањето на задачите заради кои се образувани, да поведуваат претресување на одделни прашања на седница на Соборот — по сопствена иницијатива или на барање од претседателот на Соборот.

Член 30

Соборот има Мандатно-имунитетна комисија.

Мандатно-имунитетната комисија:

1) ги испитува пратеничките уверенија, изборните акти и жалбите и му дава предлози на Соборот во поглед на верификацијата на мандатите на членовите на Соборот;

2) му поднесува на Соборот извештаи за престанокот на мандатите на одделни членови на Соборот;

3) ги претресува сите прашања во врска со имунитетното право;

4) дава, кога Соборот не е собран, одобрение за лишување од слобода и за поведување односно продолжување на кривична постапка, и одлучува за воспоставувањето на имунитетното право на член на Соборот, со дополнителна потврда од Соборот.

Член 31

Мандатно-имунитетната комисија се состои од претседател и шест членови, што се избираат од редот на членовите на Соборот.

Претседателот и членовите на Комисијата се избираат на четири години, ако пред тој рок не им истекува мандатот.

Претседателот и членовите на Комисијата на кои им истекува мандатот ја вршат функцијата до изборот на нов претседател односно членови на Комисијата.

Член 32

Заради проучување определено прашање од делокругот на Соборот или разгледување на потребата од донесување одделни закони и други акти по прашањата од делокругот на Соборот, наведени во членот 8 од овој деловник, како и на други прашања за кои нема образувано одбори, Соборот може да образува пратенички групи и други работни тела на Соборот.

Пратеничките групи и другите работни тела на Соборот, самостојно или во соработка со одделни органи, организации и научни и други институции, проучуваат определени проблеми и состојбата во одделна област и за тоа го известуваат Соборот.

Член 33

Задачите на пратеничките групи и другите работни тела на Соборот ги утврдува Соборот со заклучок при нивното образување.

Пратенички групи и други работни тела на Соборот, помеѓу седниците на Соборот, може да образува и претседателот на Соборот.

Членови на пратенички групи и други работни тела на Соборот можат да бидат, покрај членовите на Соборот, и стручњаци од органите на управата и од други органи и организации, како и научни и други јавни работници.

Член 34

Во поглед на образувањето на пратеничките групи и други работни тела на Соборот, како и престанокот на нивната работа, согласно се применуваат одредбите од овој деловник што се однесуваат на одборите на Соборот.

4. Постапка во врска со престанокот на мандатот на пратениците

Член 35

Кога Соборот ќе биде известен за настапување на случај предвиден со закон кој повлекува престанок на мандатот на одделен член на Соборот, се состанува Мандатно-имунитетната комисија за да го испита тој случај и за тоа да му поднесе извештај на Соборот.

Седницата на Комисијата ја свикува претседателот на Комисијата.

Член 36

Кога Мандатно-имунитетната комисија ќе констатира дека настапил некој од случаите предвиде-

ни со закон кој повлекува престанок на мандатот на одделен член на Соборот, ќе поднесе на првата наредна седница на Соборот извештај за испитаниот случај.

Претседателот на Соборот е должен во предлогот на дневниот ред за првата наредна седница на Соборот да го внесе извештајот на Комисијата за случајот кој повлекува по себе престанок на мандатот на член на Соборот.

Член 37

Соборот на својата седница, по разгледувањето на извештајот од Мандатно-имунитетната комисија, утврдува дали настапил некој од случаите предвидени со закон кој повлекува престанок на мандатот на член на Соборот.

IV. СОРАБОТКА НА СОБОРОТ СО РАБОТНИТЕ И ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 38

Во извршувањето на своите задачи Соборот развива разновидни форми на соработка со работните и други самоуправни организации и со работните заедници и општествено-политичките организации и здруженија заради претресување на прашања од општествено-политичкиот систем.

Член 39

Соборот и неговите работни тела можат при донесувањето на закони и други акти од делокругот на Соборот, како и при разгледувањето на други прашања од општествено-политичкиот систем, да бараат мислења и предлози од општествено-политичките организации и здруженија.

Соборот може да повикува претставници на одделни општествено-политички организации и здруженија по определени прашања на седница на Соборот или неговите работни тела да ги изложат своите мислења и ставови, а може и да одлучи заедно со овие претставници да расправи определени начелни прашања од својот делокруг што се однесуваат на состојбата во одделни области на општествениот живот или други општи прашања од интерес за работните луѓе и работните заедници од областа на трудот која е во делокругот на Соборот.

Член 40

Соборот и неговите работни тела можат при донесувањето на закони и други акти од делокругот на Соборот, како и при разгледувањето на други прашања од општествено-политичкиот систем, да бараат мислења и предлози од работните и други самоуправни организации и од работните заедници од областа на трудот која е во делокругот на Соборот.

Кога Соборот или некое од неговите работни тела бара мислење за одделно прашање од организациите и заедниците од ставот 1 на овој член, овие имаат право и преку свои претставници на седница на Соборот или неговите работни тела да го образложат своето мислење.

Член 41

Соборот, како и одборите и други негови работни тела, можат да повикуваат претставници од работни и други самоуправни организации и од работни заедници да учествуваат во работата на седниците на Соборот односно неговите работни тела и да изнесуваат свои мислења по определени прашања од делокругот на Соборот.

Соборот остварува и други форми на соработка со овие организации и заедници.

V ДЕЛОВЕН РЕД ЗА СЕДНИЦИТЕ НА СОБОРОТ И НЕГОВИТЕ РАБОТНИ ТЕЛА

А. Работа во Соборот

Член 42

Соборот работи и ги претресува прашањата од својот делокруг, по правило, на седници.

Соборот може, во спогодба со еден или со повеќе собори на Сојузната скупштина, да одлучи на заедничка седница да се претресуваат прашања од заеднички интерес за тие собори.

Член 43

Соборот донесува одлуки со гласање на членовите на Соборот на седници.

Кога на заедничка седница на два или повеќе собори одлучат да гласаат, членовите на Соборот гласаат одвоено.

1. Свикување на седниците

Член 44

Седниците на Соборот ги свикува претседателот на Соборот по своја иницијатива.

Претседателот на Соборот е должен да свика седница врз основа на заклучок од Соборот, на предлог од претседателот на Сојузната скупштина или од претседателот на Сојузниот извршен совет, на барање од одбор или друго работно тело на Соборот или на барање од десет членови на Соборот, како и во други случаи предвидени со овој деловник.

Ако претседателот не ја свика седницата на Соборот кога е должен да го стори тоа, Соборот ќе се состане на покана од дваесет членови на Соборот или од претседателот на Сојузната скупштина.

Член 45

Поканата за седница на Соборот мора да им биде упатена на сите членови на Соборот најдоцна на 8 дена пред денот определен за одржување на седницата.

Кон писмената покана за седница претседателот им доставува на членовите на Соборот предлог на дневен ред и соодветен материјал кон прашањата што се предлагаат за дневен ред, како и записник од претходната седница, ако порано не им биле доставени.

По исклучок, во итни случаи претседателот може да свика седница на Соборот и во рок пократок од 8 дена, а дневниот ред за ваквата седница може да го предложи на самата седница.

Член 46

Дневниот ред на седницата на Соборот го предлага претседателот на Соборот.

Предлог за внесување одделни прашања во дневниот ред на седницата на Соборот имаат право да поднесат: член на Соборот, одборите и другите работни тела на Соборот, друг собор, претседателот на Сојузната скупштина, како и Сојузниот извршен совет.

При составувањето на предлог-дневниот ред претседателот на Соборот ќе ја земе предвид и иницијативата што произлегува од сојузни органи на управата, органи на општествено-политичките заедници, од општествено-политички, работни и други самоуправни организации, како и од граѓани.

Член 47

Предлозите за внесување одделни прашања во дневниот ред на седницата на Соборот му се поднесуваат на претседателот на Соборот.

Предлози не можат да се поднесуваат по денот на свикувањето на седницата на Соборот.

2. Претседавање и учество на седниците

Член 48

На седниците на Соборот претседава претседателот на Соборот.

Претседателот, во случај на отсутност, го заменува потпретседателот на Соборот.

Ако и потпретседателот е отсутен, на седницата се избира еден од членовите на Соборот кој ќе претседава на седницата Во тој случај седницата ја отвора член на Соборот најстар по години и претседава на неа до изборот на член на Соборот кој понатаму ќе претседава на седницата.

Член 49

Покрај членовите на Соборот, на седниците на Соборот можат да учествуваат без право на одлучување членови на други собори — со одобрение од Соборот.

На седниците на Соборот можат да учествуваат без право на одлучување и членови на Сојузниот извршен совет и претставници на тој Совет што не се пратеници, како и претставници од сојузните органи на управата, од органите на општествено-политичките заедници, општествено-политичките, работните и други самоуправни организации, научни, стручни и други јавни и политички работници — кога на седницата се повикани заради изнесување свои мислења по определени прашања.

3. Тек на седницата

Член 50

На почетокот на седницата на Соборот претседателот цени дали постои кворум за работа.

Откако ќе ја отвори седницата, претседателот ги прашува членовите на Соборот дали имаат забелешки на записникот од претходната седница. За основаноста на забелешките Соборот одлучува без претрес.

Претседателот потоа дава кратки објасненија во врска со текот на седницата и со други прашања.

Член 51

Членовите на Соборот можат до преминот на дневен ред да му упатуваат прашања на Сојузниот извршен совет и на функционерите што раководат со сојузни органи на управата.

Во тој дел од седницата се даваат одговори на поставените прашања на членовите на Соборот.

Член 52

Дневниот ред на седницата на Соборот се утврдува на предлог од претседателот на Соборот.

Ако претседателот на Соборот во предлогот на дневниот ред не внесол некое прашање предложено за дневен ред, а предлагачот останува при своето барање, за предлогот одлучува Соборот на седницата без претрес.

Член 53

Член на Соборот и претставникот на Сојузниот извршен совет можат и на седницата да предложат да се стави определено прашање на дневен ред, но се должни да ја образложат итноста на предлогот не влегувајќи во содржината на прашањето што треба да се стави на дневен ред.

На седницата најпрво се расправа за итноста на предлогот. Соборот расправа за итноста на предлогот што го ставил еден член на Соборот ако неговиот предлог го поддржале најмалку десет членови на Соборот.

Член 54

По усвојувањето на дневниот ред се преминува на претрес на прашањата, според редот утврден во усвоениот дневен ред.

На седницата се претресува секое прашање на дневниот ред пред да се одлучува за него, освен ако е со овој деловник определено Соборот да одлучува без претрес.

Член 55

Секое прашање се претресува додека по него има пријавени говорници.

Претседателот на Соборот го заклучува претресот на одделно прашање кога ќе утврди дека по него нема повеќе пријавени говорници.

Член 56

Претресот на прашања што не бараат донесување одлука и за кои Соборот не сака да одлучува се завршува со просто или образложено преминување на следната точка од дневниот ред.

Пред заклучувањето на претресот со преминување на следната точка од дневниот ред, на седницата може со заклучок да се утврди состојбата или да се заземе став и гледиште во врска со прашањата што се претресувани.

Член 57

Претресот на прашањата на општествено-политичкиот систем од членот 7 став 1 на овој деловник може да се заклучи со просто или образложено преминување на следната точка од дневниот ред, со донесување декларација, резолуција односно препорака, или со заклучок со кој се утврдува состојбата и се заземаат ставови или се даваат насоки и упатства за работа на одборите и другите работни тела на Соборот односно другите надлежни органи по односното прашање.

Член 58

Претресот на предлозите за донесување закони и други акти, што ги донесува Соборот рамноправно со Сојузниот собор по прашањата од делокругот на Соборот, предвидени во членот 8 на овој деловник, може да се заврши со донесување заклучок за усвојување на предлогот или за одбивање на предлогот.

Претресот на нацртите на закони и други акти од делокругот на Соборот може да се заврши со усвојување на нацртот во начело или со враќање нацртот до неговиот подносител со заклучок во кој се утврдуваат ставовите и забелешките на нацртот.

Претресот на предлозите на закони и други акти од делокругот на Соборот се завршува со гласање на членовите на Соборот, со кое предлогот се прифаќа или се одбива

Член 59

Претресот на прашањата што се однесуваат на извршување на закони и други акти и спроведување на политиката и мерките на Сојузната скупштина од делокругот на Соборот, како и на прашањата од заеднички интерес за работните и други самоуправни организации и работните заедници во областа на трудот — од делокругот на Соборот, може да се заврши со утврдување на задачите за натамошна работа, по пат на одлука, препорака односно заклучок, или со преминување на следната точка од дневниот ред.

Член 60

Претресот на извештаите на Сојузниот извршен совет и на функционерите што раководат со сојузни органи на управата може да се заврши со утврдување задачи и насоки за понатамошна работа, како и обврски во поглед спроведувањето на политиката и извршувањето на законите и другите акти на Сојузната скупштина од делокругот на Соборот.

Во поглед на прашањата што се однесуваат на претресот на извештаите на Сојузниот извршен совет и функционерите што раководат со сојузни органи на управата, како и на извештаите на врховните судови, Сојузното јавно обвинителство и Сојузното јавно правобранителство, се применуваат непосредно одредбите од Деловникот на Сојузната скупштина.

4. Одлучување на седниците

Член 61

Соборот може полноважно да одлучува ако на седницата на Соборот се присутни повеќе од една половина од вкупниот број на членовите на Соборот.

Претседателот може да определи прозивање по сопствена иницијатива ако се посомнева дека на седницата не присуствуваат мнозинството членови на Соборот, или на барање од еден член на Соборот чие барање ќе го поддржат најмалку десет членови.

Член 62

Полноважни се одлуките на Соборот за кои гласало мнозинството од присутните членови на Соборот.

Член 63

Секој член на Соборот има право пред гласањето да го образложи својот глас. Неговото образложение не може да трае подолго од пет минути.

Член 64

Гласањето е, по правило, јавно

Тајно гласање се врши ако тоа на седницата се одлучи, на предлог од претседателот на Соборот или од еден член на Соборот чиј предлог ќе го поддржат најмалку десет членови.

5. Работа на Соборот во постапката за разгледување и донесување на прописи и акти

Член 65

Разгледувањето и донесувањето на закони и други прописи и акти на Сојузната скупштина, што ги донесува Соборот рамноправно со Сојузниот собор или самостојно, се врши на начинот утврден со Деловникот на Сојузната скупштина.

Член 66

Соборот донесува свој деловник и врши негови измени и дополненија според постапката за донесување одлуки.

Член 67

Соборот ги разгледува статутите на работните и други самоуправни организации во областа на трудот — од делокругот на Соборот, на начинот утврден со овој деловник.

Член 68

Пред неговото разгледување на седницата на Соборот, статутот им се доставува на разгледување на надлежните одбори на Соборот.

Одборите на Соборот го разгледуваат статутот и за тоа му поднесуваат на Соборот извештај кој содржи мислење и забелешки во поглед на усогласеноста на одредбите од статутот со Уставот и законите, како и за тоа во која мера со статутот се обезбедува и се овозможува остварување на самоуправните права на работните луѓе и развојот на самоуправувањето.

Извештајот на одборот им се доставува на членовите на Соборот најдоцна на осум дена пред денот определен за одржување на седницата на Соборот на која ќе се разгледува статутот.

Член 69

Соборот повикува на својата седница на која ќе се разгледува статутот претставници на работната или друга самоуправна организација чиј статут се разгледува, заради објаснување одделни ставови заземени во статутот.

Член 70

Соборот, врз основа на извештајот од одборот, а по сослушаното образложение од подносителот на статутот, го утврдува и ѝ го доставува своето мислење на работната или друга самоуправна организација чиј статут е разгледуван

6. Посебна постапка при изборот

а) Избор на претседател и потпретседател на Соборот

Член 71

Претседателот и потпретседателот на Соборот се избираат од редот на членовите на Соборот.

Член 72

Предлог на кандидатура за избор на претседател на Соборот поднесува Комисијата за избор и именувања на Сојузната скупштина

Предлог може да поднесе и група од најмалку десет членови на Соборот.

Предлогот на кандидатура му се поднесува писмено на претседателот на Соборот на 24 часа пред почетокот на седницата на која се врши изборот на нов претседател на Соборот.

Известителот на Комисијата за избор и именувања односно еден од предлагачите на кандидатурата што ја предложиле група членови на Соборот имаат право на седницата на Соборот да го образложат предлогот на кандидатурата.

Член 73

Со спроведувањето на изборите раководи претседателот на Соборот, на кој во работата му помагаат секретарот и два члена на Соборот избрани на седницата на Соборот.

Член 74

Изборот на претседател на Соборот се врши, по правило, со јавно гласање.

Јавното гласање се врши со дигање рака, ако претседателот на Соборот не определи да се врши поименично, или ако тоа не го побара еден член на Соборот чие барање ќе го поддржат најмалку десет членови.

Јавното гласање за одделни кандидати се врши по оној ред по кој се поднесени предлозите.

Член 75

Изборот на претседател на Соборот се врши со тајно гласање ако го побара тоа еден член на Соборот чиј предлог ќе го поддржат најмалку десет членови.

Член 76

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња.

На гласачкото ливче мораат да бидат испишани имињата на сите предложени кандидати, и тоа по оној ред по кој му се поднесени предлозите на претседателот на Соборот. Пред секое име на кандидатот мора да има реден број.

На секое гласачко ливче се втиснува печатот на Сојузната скупштина.

Секој член на Соборот добива едно гласачко ливче.

По поделбата на гласачките ливчиња претседателот на Соборот го определува времето потребно за пополнување на гласачките ливчиња.

Член 77

Член на Соборот гласа „за" на тој начин што го заокружува редниот број пред името на кандидатот за кој гласа.

Член на Соборот може да гласа само за еден кандидат, ако се предложени повеќе кандидати.

Откако ќе го пополни гласачкото ливче, членот на Соборот го спушта во гласачката кутија.

Член 78

По завршеното гласање се врши пребројување и преглед на гласачките ливчиња заради утврдување резултатот од гласањето. Ако се појави разлика помеѓу бројот на поделените и предадените гласачки ливчиња, резултатот од гласањето се утврдува врз основа на предадените гласачки ливчиња.

Член 79

Резултатот од гласањето го објавува претседателот на Соборот.

Претседателот на Соборот објавува колку вкупно членови гласале, колку од тоа за одделен кандидат и колку има неважечки гласачки ливчиња.

Член 80

За претседател на Соборот е избран кандидатот што добил мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на Соборот.

Ако ниеден кандидат не го добие потребното мнозинство, во повторното гласање се гласа за порано предложените кандидати, ако предлог-кандидатурата не е повлечена, како и за нови кандидати — ако бидат дополнително предложени.

Член 81

Изборот на потпретседател на Соборот се врши по изборот на претседател на Соборот.

Изборот на потпретседател се врши по истата постапка како и изборот на претседател на Соборот.

Член 82

Претседателот и потпретседателот на Соборот се избираат на четири години, ако пред тој рок не им истекува мандатот.

Претседателот и потпретседателот на Соборот на кои им истекува мандатот ја вршат функцијата до изборот на нов претседател односно потпретседател.

Член 83

Одредбите од овој деловник што се однесуваат на постапката при изборот на претседател односно потпретседател на Соборот согласно се применуваат и во постапката за нивното разрешување од тие должности.

б) Избор на одбори и други работни тела на Соборот

Член 84

Предлог за избор на претседател и членови на одделен одбор може, на седница на Соборот, да поднесе претседателот на Соборот или група од најмалку пет членови на Соборот.

Предлозите се поднесуваат по пат на кандидатски листи. Секоја кандидатска листа содржи онолку кандидати колку што се избираат членови на одборот.

На седницата на Соборот се гласа за поднесените листи во целина, по оној ред по кој се предложени.

Член 85

Изборот на претседател и членови на одборот се врши со јавно гласање.

Гласањето се врши со дигање раце откако претседателот ќе ги повика членовите на Соборот да се изјаснат кој е за предлогот.

Член 86

Тајно гласање се врши ако го побара тоа еден член на Соборот чиј предлог ќе го поддржат најмалку десет членови.

Тајното гласање се врши по постапката и на начинот предвиден за изборот на претседател на Соборот.

Член 87

Во поглед на изборот на членови на комисии, пратенички групи и други работни тела на Соборот, согласно се применуваат одредбите од овој деловник што се однесуваат на изборот на членови на одбори на Соборот.

Б. Работа во работните тела на Соборот

Член 88

Одборите на Соборот работат врз основа на своите програми за работа.

При изработката на програмата за работа секој одбор на Соборот е должен да ги внесе во неа оние прашања и задачи, предвидени во програмата за работа на Соборот, што се однесуваат на тој одбор.

Член 89

Одборите работат на седници.

Седниците на одборот ги свикува претседателот на одборот по сопствена иницијатива или по заклучок од одборот.

Претседателот е должен да свика седница на одборот кога го бара тоа претседателот на Соборот, како и кога тоа ќе го предложат една третина од членовите на одборот со наведување на прашањето што треба да се стави на дневен ред на седницата.

Ако претседателот на одборот не ја свика седницата кога е должен да го стори тоа, седницата ќе ја свика претседателот на Соборот.

Член 90

На седниците на одборот претседава претседателот на одборот.

Претседателот во случај на отсутност го заменува член на одборот што ќе го избере одборот.

Во времето помеѓу две седници на одборот претседателот на соборот може, во случај на спреченост на претседателот на одборот, да определи еден од членовите на одборот што ќе го заменува отсутниот претседател до наредната седница на одборот.

Член 91

Претседателот на одборот ја организира работата на одборот.

Претседателот дава иницијатива за претресување одделни прашања, се грижи за известувањето на членовите на одборот и соработува со претседателот на Соборот и со претседателите на одборите и другите работни тела на Сојузната скупштина и на соборите, како и со функционерите што раководат со сојузни органи на управата и со претставниците на заинтересираните органи и организации — по прашањата што ќе се претресуваат на седницата на одборот.

Претседателот се грижи за спроведувањето на заклучоците и ставовите на одборот.

Член 92

Членовите на одборот имаат право и должност да присуствуваат на седниците на одборот и да учествуваат во работата на одборот.

За својата работа во одборот претседателот и членовите на одборот се одговорни пред Соборот.

Член 93

На седниците на одборот имаат право да присуствуваат и да учествуваат во неговата работа и други членови на Соборот.

Членовите на други собори на Сојузната скупштина имаат право да присуствуваат на седниците на одборот на Соборот, а со одобрение од одборот можат да учествуваат и во работата на одборот.

Член 94

Предлогот на дневниот ред на седницата на одборот го составува претседателот на одборот.

Предлог за внесување одделни прашања во дневниот ред на седницата на одборот има право да поднесе секој член на одборот, како и одборите и други работни тела на Соборот.

Одборот е должен да го внесе во дневниот ред на својата седница секое прашање за кое ќе го побара тоа Соборот или претседателот на Соборот.

Иницијатива за внесување одделни прашања во дневниот ред на седницата на одборот може да произлезе и од други собори, како и од одбори и други работни тела на Сојузната скупштина и собориите, од Сојузниот извршен совет, од функционерите што раководат со сојузни органи на управата, како и од општествено-политички, работни и други самоуправни организации и од граѓани.

Дневниот ред на седницата на одборот се утврдува на седницата на одборот.

Член 95

Одборот на Соборот не мора да заземе став по секое прашање што е на дневен ред на седницата на одборот.

Одборот може да донесува заклучоци во поглед на својата работа.

Кога се појавува како предлагач на закон или друг акт од делокругот на Соборот, одборот зазема ставови и донесува заклучоци со мнозинство гласови од сите членови на одборот.

Одборот не донесува одлуки.

Член 96

Одборот на Соборот при претресувањето на прашањата од делокругот на Соборот ги зема предвид и мислењата од заинтересираните органи и организации.

По претресувањето на определено прашање одборот му поднесува на Соборот свој извештај кој ги содржи сите изнесени мислења и забележени проблеми и сите можности што доаѓаат предвид за неговото решавање, како и образложение за заземените ставови.

Одборот е должен да проучи определено прашање и да му поднесе на Соборот извештај со мислење и предлози, ако тоа го побара Соборот или претседателот на Соборот при подготвувањето на седница на Соборот.

Член 97

Ако е на седницата на одборот заклучено да му се достави на Соборот на разгледување предлог за донесување закон или друг акт од делокругот на Соборот или предлог на закон односно друг акт, или ако одборот смета дека за ставовите заземени по определено прашање треба да го извести Соборот, претседателот на одборот ќе побара од претседателот на Соборот тоа прашање односно предлог да се стави на дневен ред на седницата на Соборот. Одборот истовремено ќе определи свој претставник кој на седницата на Соборот ќе го запознае Соборот со предлозите односно ставовите на одборот.

Член 98

Прашањата што се од интерес за два или повеќе одбори на Соборот тие одбори ги расправаат, по правило, на заедничка седница.

Член 99

Работата на одборите на Соборот ја усогласува претседателот на Соборот во договор со претседателите на одборите.

Член 100

Во поглед на начинот на работата на пратеничките групи и другите работни тела на Соборот, согласно се применуваат одредбите од овој деловник за работата на одборите на Соборот.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 101

Со денот на влегувањето во сила на овој деловник престанува да важи Одлуката за привременот деловен ред на Организационо-политичкиот собор на Сојузната скупштина („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/63).

Член 102

Овој деловник влегува во сила со денот на усвојувањето.

АС бр. 809
12 мај 1967 година
Белград

Организационо-политички собор на Сојузната скупштина

Претседател,
Крсто Попивода, с. р.

383.

Врз основа на членот 142 од Основниот закон за здравственото осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62 и 53/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65, 29/66, 52/66 и 23/67), во согласност со Сојузниот совет за труд и Сојузниот совет за здравство и социјална политика, Државниот секретаријат за народна одбрана пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНИ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИЗНОСИТЕ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ПОМОШТИТЕ НА ВОЕНИТЕ ОСИГУРЕНИЦИ И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ ФАМИЛИИ

Член 1

Во Правилникот за постапката за остварување на правата од здравственото осигурување и за определување на износите на надоместоците и помоштите на воените осигуреници и на членовите на нивните фамилии („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/63 и 12/64) во членот 11 став 1 точката 12 се менува и гласи:

„12) предлага изолација на децата од родителите заболени од заразни болести;".

Член 2

Во членот 17 точката 6 се брише.

Досегашните точ. 7 до 10 стануваат точ. 6. до 9.

Член 3

Членот 27 се брише.

Член 4

Членот 42 се менува и гласи:

„Осигурените лица на име учество во трошоците за користење на издадените лекови, кои трошоци во смисла на одлуките од членот 33 став 3 на Основниот закон за здравственото осигурување се пропишуваат на товар на претсметката на Државниот секретаријат за народна одбрана, при подигањето на лек во воена аптека или воена здравствена установа го плаќаат за еден издаден лек паричниот износ определен со посебно решение на државниот секретар за народна одбрана.

Во итен случај воена аптека издава лек и без наплата на паричниот износ според ставот 1 од овој член, со тоа што името и презимето на осигуреното лице, како и другите податоци за осигуреното лице, ги доставува до надлежната команда заради наплата на определениот паричен износ.

Ако осигурени лица подигаат лекови во аптека која не е воена (во понатамошниот текст: друга аптека), на име учество во трошоците за користење на издадените лекови плаќаат паричен износ во висината што е утврдена со одлуките донесени врз основа на членот 33 став 3 на Основниот закон за здравственото осигурување, за подрачјето каде што се реализира рецептот.

За лековите што според Одлуката за утврдување кои лекови не можат да се пропишуваат на товар на фондот на здравственото осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 44/66) не можат да се пропишуваат на товар на фондот на здравственото осигурување, осигурените лица при подигањето на лекот ја плаќаат полната цена на чинењето на лекот."

Член 5

Членот 45 се брише.

Член 6

Во членот 46 став 2 зборовите: "аптека што не е воена (во понатамошниот текст: друга аптека)" се заменуваат со зборовите: „друга аптека".

Член 7

Во членот 77 ставот 2 се брише.

Во ставот 5 зборовите „ст. 1 и 2" се заменуваат со зборовите: „ставот 1".

Ставот 6 се брише.

Досегашните ст. 3 до 5 стануваат ст. 2 до 4.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Упатството за набавка на лекови што не можат да се набаваат во Југославија („Службени војни лист", бр. 2/60).

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. в. п. бр. 46
23 мај 1967 година
Белград

Државен секретар
за народна одбрана
генерал-полковник,
Никола Љубичиќ, с. р.

384.

Врз основа на членот 6 ст. 1 и 4 од Законот за техничките мери („Службен лист на СФРЈ", број 12/65), во согласност со сојузниот секретар за труд, сојузниот секретар за индустрија и трговија пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ТЕХНИЧКИТЕ МЕРКИ ЗА ИЗГРАДБА НА НАДЗЕМНИ ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ВОДОВИ

Член 1

При изградбата на надземни електроенергетски водови ќе се применуваат техничките мерки содржани во Техничките прописи за градба на надземни електроенергетски водови, што се напечатени во Додатокот на „Службен лист на СФРЈ", бр. 24/67, и се составен дел на овој правилник.

Член 2

Изградбата на надземни електроенергетски водови започната пред денот на влегувањето во сила на овој правилник може да продолжи односно да заврши според инвестиционата техничка документација врз основа на која е дадено одобрение за нивната изградба.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат: Правилникот за техничките прописи за градба на надземни водови на јака струја („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/60), со Техничките прописи за градба на надземни водови на јака струја (Додаток на „Службен лист на ФНРЈ" бр. 24/60), кои се составен дел на тој правилник, и Решението за Техничките прописи за градење на електрични водови на местата на крстосување со железнички пруги („Службен лист на ФНРЈ", бр. 57/50) со Техничките прописи за градење електрични водови на местата на крстосување со железничките пруги (Прилог бр. 10 на „Службен лист на ФНРЈ", од 13 декември 1950 година), кои се составен дел на тоа решение.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на триесет дена од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1721
25 април 1967 година
Белград

Сојузен секретар
за индустрија и трговија,
Хакија Поздерац, с. р.

385.

Врз основа на членот 68 став 3 од Законот за организацијата на Југословенските пошти, телеграфи и телефони („Службен лист на СФРЈ", број 32/65), во согласност со сојузниот секретар за индустрија и трговија, сојузниот секретар за сообраќај и врски издава

НАРЕДБА

ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА I ДЕЛ ОД ТЕХНИЧКИТЕ ПРОПИСИ ЗА ЗАШТИТА НА ВОДОВИТЕ ЗА ЕЛЕКТРОВРСКИ ОД ЕЛЕКТРИЧНИ ВОДОВИ

1. Во Техничките прописи за заштита на водовите за електроврски од електрични водови, што се напечатени во посебно издание на Генералната дирекција на поштите, телеграфите и телефоните, а се составен дел од Наредбата за мерките за заштита на водовите за електроврски од електрични водови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 34/51, 6/52 и 13/60) I дел од точ. 6 до 42 престанува да важи со денот на влегувањето во сила на Правилникот за техничките мерки за изградба на надземни електроенергетски водови („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/67).

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 770/67
29 април 1967 година
Белград

Сојузен секретар
за сообраќај и врски,
Милијан Неоричиќ, с. р.

386.

Врз основа на членот 53 став 2 од Основниот закон за виното („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/65), во согласност со сојузниот секретар за индустрија и трговија, сојузниот секретар за земјоделство и шумарство издава

НАРЕДБА

ЗА ЗАШТИТА НА ПОТЕКЛОТО НА ПРОЧУЕНИТЕ ВИНА „ПОСТУП-ДОЊА БАНДА", „ПОСТУП-ПОТОМЈЕ", „ПОШИП ЧАРА-СМОКВИЦА" И „МАРАШТИНА ЧАРА-СМОКВИЦА"

1. Под називите „Поступ-Доња Банда", „Поступ-Потомје", „Пошип Чара-Смоквица" и „Мараштина Чара-Смоквица" можат да се пуштаат во промет само прочуени вина определени со решенија на Сојузниот секретаријат за земјоделство и шумарство, и тоа: прочуеното вино „Поступ-Доња Банда" со решението бр. 08-723/18 од 11 мај 1967 година, прочуеното вино „Поступ-Потомје" со решението бр. 08-1300/3 од 11 мај 1967 година, прочуеното вино „Пошип Чара-Смоквица" со решението бр. 08-594/3 од 11 мај 1967 година и прочуеното вино „Мараштина Чара-Смоквица" со решението бр. 08-594/4 од 11 мај 1967 година.

2. Вината произведени до денот на влегувањето во сила на оваа наредба, што носат називи на прочуените вина означени во точката 1 од оваа наредба или слични називи кои можат да ги доведат потрошувачите во заблуда дека се во прашање тие прочуени вина, а не се тие прочуени вина, можат под досегашните називи да се наоѓаат во промет само до 31 мај 1968 година.

3. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 08-723/19
16 мај 1967 година
Белград

Сојузен секретар
за земјоделство и шумарство,
Јоже Инголич, с. р.

387.

Врз основа на членот 31 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66 и 5/67), сојузниот секретар за финансии пропишува

УПАТСТВО

ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ОСНОВИЦА ЗА ПАТНИЧКИТЕ АВТОМОБИЛИ ШТО СЕ УВЕЗУВААТ

1. За патничките автомобили што ги увезуваат стопански организации и други правни лица како

нормална цена за царинска основица царинските органи ја земаат царинската основица од Листата на царинските основици што се утврдува врз основа на членот 8 став 1 од Законот за Царинската тарифа.

2. Ако патнички автомобили купуваат граѓани од консигнациони складови или преку застапништва на странски фирми, за царинска основица се зема царинската основица од Листата на царинските основици што се утврдува врз основа на членот 8 став 1 од Законот за Царинската тарифа.

3. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3-5215/1
25 мај 1967 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
Јанко Смоле, с. р.

388.

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ИЗМЕНА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА ГРАДЕЖНИШТВОТО

1. Во Решението за југословенските стандарди од областа на градежништвото („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/63, 6/64, 5/65 и 57/65) во точката 3 зборовите: „1 јануари 1967 година" се заменуваат со зборовите: „1 јануари 1968 година".

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 18-2984/1
4 мај 1967 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
Славољуб Виторовиќ, с. р.

389.

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ЛОВЕЧКА МУНИЦИЈА

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесува следниот југословенски стандард:

Ловечка муниција. Каписли за муниција за ловечки пушки со жлебени цевки — — — — — — — — JUS H.D4.056

2. Југословенскиот стандард од точката 1 на ова решение е објавен во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенскиот стандард од точката 1 на ова решение е задолжителен и влегува во сила на 1 јануари 1968 година.

Бр. 25-3323/1
17 мај 1967 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
Славољуб Виторовиќ, с. р.

По извршеното споредување со изворниот текст утврдено е дека во пречистениот текст на Основниот закон за изградбата на инвестиционите објекти, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 20/67, се поткраднале долу наведените грешки, та се дава

ИСПРАВКА

НА ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА ИЗГРАДБАТА НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ОБЈЕКТИ

1. Во пречистениот текст на Основниот закон за изградбата на инвестиционите објекти во членот 30 наместо зборовите: „Инвеститорот е должен" треба да стои: „Изведувачката организација е должна".

2. Во членот 45 став 2 наместо зборот: „изградбата" треба да стои: „градењето".

3. Во пречистениот текст како член 90 треба да се внесе текстот на членот 72 од поранешниот текст на Законот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/61 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 5/65) а кој гласи:

„Член 90

Со денот 16 декември 1961 година како ден на влегувањето во сила на Основниот закон за изградбата на инвестиционите објекти („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/61) престанаа да важат: Уредбата за градежното проектирање („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/58) и Уредбата за градењето („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/58) во поглед на изградбата на инвестициони објекти што е регулирана со одредбите на тој закон.

До донесувањето на соодветните прописи на републиките односно на општинските собранија остануваат и понатаму во сила прописите од ставот 1 на овој член во поглед на изградбата на инвестициони објекти што не е регулирана со овој закон.

Поблиските прописи донесени врз основа на овластувањата содржани во прописите од ставот 1 остануваат и понатаму во сила, доколку не се во спротивност со одредбите од Основниот закон за изградбата на инвестиционите објекти („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/61), до донесувањето на соодветни прописи."

4. Чл. „90 до 96" треба да гласат: „91 до 97", со тоа што во пренумерираниот член 91 став 2 последен ред наместо зборовите: „овој закон", треба да стои: „Основниот закон за изградбата на инвестиционите објекти („Службен лист на ФНРЈ" бр. 45/61)", а во пренумерираниот член 94 став 3 наместо зборовите: „чл. 91 и 92" треба да стојат зборовите: „чл. 92 и 93".

Од Законодавно-правната комисија на Сојузната скупштина, Белград, 20 мај 1967 година.

По извршеното споредување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Решението за измена и дополнение на југословенскиот стандард за цигари, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 19/67, се поткраднала долу наведената грешка, те се дава

ИСПРАВКА

НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ЦИГАРИ

Во точката 1 став 1 наместо зборовите: „точката 5.9" треба да стои: „точката 5.19".

Од Југословенскиот завод за стандардизација, Белград, 12 мај 1967 година.

УКАЗИ

Претседателот на Републиката, врз основа на членот 217 став 1 точка 3 од Уставот, на предлог од државниот секретар за надворешни работи, донесува

УКАЗ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ДЕМОКРАТСКА РЕПУБЛИКА КОНГО-КИНШАСА

I

Се назначува

Велимир Мијовиќ, досегашен в. д. началник на Управата за Африка и Блискиот Исток, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Демократска Република Конго-Киншаса.

II

Државниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 67
22 мај 1967 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на членот 74 став 2 од Деловникот на Сојузната скупштина, Сојузниот собор на Сојузната скупштина, на седницата од 16 мај 1967 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОБОРОТ

За секретар на Сојузниот собор на Сојузната скупштина се именува Стјепан Фунариќ, досегашен секретар на Сојузниот собор на Сојузната скупштина.

Сојузен собор на Сојузната скупштина

06 бр. 1593/2
19 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузниот собор
на Сојузната скупштина,
Видое Смилевски, с. р.

Врз основа на членот 74 став 2 од Деловникот на Сојузната скупштина, Соборот на народите на Сојузната скупштина на седницата од 16 мај 1967 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОБОРОТ

За секретар на Соборот на народите на Сојузната скупштина се именува Есад Ченгиќ, досегашен претседател на Противпожарниот сојуз на Југославија.

Собор на народите на Сојузната скупштина

011 бр. 1588/2
19 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Соборот на народите
на Сојузната скупштина,
Вида Томшич, с. р.

Врз основа на членот 74 став 2 од Деловникот на Сојузната скупштина, Стопанскиот собор на Сојузната скупштина, на седницата од 16 мај 1967 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОБОРОТ

За секретар на Стопанскиот собор на Сојузната скупштина се именува Милија Радовановиќ, досегашен секретар на Стопанскиот собор на Сојузната скупштина.

Стопански собор на Сојузната скупштина

07 бр. 1597/2
19 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Стопанскиот собор
на Сојузната скупштина,
Петар Зечевиќ, с. р.

Врз основа на членот 74 став 2 од Деловникот на Сојузната скупштина, Социјално-здравствениот собор на Сојузната скупштина, на седницата од 16 мај 1967 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОБОРОТ

За секретар на Социјално-здравствениот собор на Сојузната скупштина се именува Божо Павловиќ, досегашен секретар на Социјално-здравствениот собор на Сојузната скупштина.

Социјално-здравствен собор на Сојузната скупштина

09 бр. 1601/2
19 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Социјално-здравствениот собор
на Сојузната скупштина,
Ико Мирковиќ, с. р.

Врз основа на членот 74 став 2 од Деловникот на Сојузната скупштина, Организационо-политичкиот собор на Сојузната скупштина на седницата од 16 мај 1967 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОБОРОТ

За секретар на Организационо-политичкиот собор на Сојузната скупштина се именува Маријан Вивода, досегашен секретар на Службата за документација на Сојузната скупштина.

Организационо-политички собор на Сојузната скупштина

010 бр. 1604/2
19 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Организационо-политичкиот собор
на Сојузната скупштина,
Велимир Стојниќ, с. р.

Врз основа на членот 74 став 2 од Деловникот на Сојузната скупштина, Сојузниот собор на Сојузната скупштина на седницата од 16 мај 1967 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР ЗА ИНФОРМАТИВНАТА СЛУЖБА НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

За секретар за Информативната служба на Сојузната скупштина се именува Јован Мариновиќ, досегашен секретар за Информативната служба на Сојузната скупштина.

Сојузен собор на Сојузната скупштина

06 бр. 1594/2
19 мај 1967 година
Белград

Претседател
на Сојузниот собор
на Сојузната скупштина,
Видое Смилевски, с. р.

СОДРЖИНА

Страна

362. Указ за прогласување на Одлуката на Сојузната скупштина за избор на Сојузниот извршен совет — — — — — — 729
363. Одлука за избор на претседател и членови на Сојузниот извршен совет — — — 729
364. Одлука за избор на членови на Советот на федерацијата — — — — — — 729
365. Одлука за разрешување и именување членови на Советот на народната одбрана на Југославија — — — — — — — 730
366. Одлука за именување генерален секретар на Сојузната скупштина — — — 731
367. Одлука за разрешување и именување државен секретар за народна одбрана — 731
368. Одлука за разрешување сојузни секретари и заменици сојузни секретари — — 731
369. Одлука за именување сојузни срекретари и заменици сојузни секретари — — — 732
370. Одлука за именување претседатели на сојузните совети и заменици претседатели на сојузните совети — — — — — 732
371. Одлука за именување директори на сојузни управи — — — — — — — 732
372. Одлука за разрешување и назначување секретар на Сојузниот извршен совет — 733
373. Одлука за именување гувернер на Народната банка на Југославија — — — — 733
374. Одлука за разрешување на сојузниот јавен обвинител — — — — — — 733
375. Одлука за разрешување на генералниот директор на Службата на општественото книговодство — — — — — — — 733
376. Одлука за распишување дополнителни избори за Просветно-културниот собор на Сојузната скупштина — — — — — 734
377. Одлука за распишување дополнителни избори за Организационо-политичкиот собор на Сојузната скупштина — — — 734
378. Одлука за распишување дополнителни избори за Организационо-политичкиот собор на Сојузната скупштина — — — 734
379. Деловник на Стопанскиот собор на Сојузната скупштина — — — — — — — 734
380. Деловник на Просветно-културниот собор на Сојузната скупштина — — — 741
381. Деловник на Социјално-здравствениот собор на Сојузната скупштина — — — 750
382. Деловник на Организационо-политичкиот собор на Сојузната скупштина — — — 757
383. Правилник за измени на Правилникот за постапката за остварување на правата од здравственото осигурување и за определување на износите на надоместоците и помоштите на воените осигуреници и на членовите на нивните фимилии — — 764
384. Правилник за техничките мерки за изградба на надземни електроенергетски водови — — — — — — — — — — 765
385. Наредба за престанок на важењето на I дел од Техничките прописи за заштита на водовите за електроврски од електрични водови — — — — — — — — — 765
386. Наредба за заштита на потеклото на прочуените вина „Поступ-Доња Банда", „Поступ-Потомје", „Пошип Чара-Смоквица" и „Мараштина-Чара-Смоквица" — 765
387. Упатство за начинот на утврдување на царинската основица за патничките автомобили што се увезуваат — — — — 765
388. Решение за измена на Решението за југословенските стандарди од областа на градежништвото — — — — — — 766
389. Решение за југословенскиот стандард за ловечка муниција — — — — — — 766

Исправка на пречистениот текст на Основниот закон за изградбата на инвестиционите објекти — — — — — — — — — 766

Исправка на Решението за измена и дополнение на југословенскиот стандард за цигари 767

Издава Новинска установа „Службен лист на СФРЈ" Белград, Јована Ристића 1. Пошт. фах 226. — Директор и одговорен уредник Љубодраг Гурић. Улица Јована Ристића бр. 1. — Печати во Белградското графички завод, Белград